Ludwig Boltzmann Institute of Human Rights

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СИРОМАШТИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

МПС

financed by:
Austrian Development Cooperation

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СИРОМАШТИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

Скопје, 2012

**Издавач**
**Македонска платформа против сиромаштијата (МППС)**
**Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ - БИМ-ФВ, Скопје**

Подготовката и печатењето на оваа публикација се финансиски поддржани од страна на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ – БИМ-ФВ,Скопје и Австриската соработка за развој (АДЦ)

**Уредник**
проф. д-р Маја Геровска-Митев
Институт за социјална работа и социјална политика
Филозофски факултет, Скопје

**Проект**
**„Човекови права и социјална инклузија во Македонија“**
**Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ - БИМ-ФВ, Скопје**
ул. „Вељко Влаховиќ“ бр. 1 А-1/4 1000 Скопје
тел. +389 (0)2 3216 956
факс: +389 (0)2 3216 982

Тим за поддршка на Институтот за човекови права
„Лудвиг Болцман“ – БИМ-ФВ, Скопје
Татјана Стоименовска – менаџер на проектот
Стојан Мишев – советник за човекови права
м-р Нинослав Младеновиќ – советник за човекови права
Јагода Иљов – административен асистент

**Лектура: Марија Костовска**

*Ставовите изразени овде и оние на авторите не го изразуваат секогаш официјалниот став на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ (БИМ-ФВ) и на Австриската соработка за развој (АДЦ)*

При употреба на податоците, молиме да се наведе изворот: Извештај за сиромаштијата и социјалната исклученост во РМ за 2011 година, МППС, јуни 2012

# Податоци за авторите на поглавјата:

*Проф. д-р Маја Геровска-Митев* е вонреден професор на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје. Домени на нејзиниот наставно-научен и истражувачки интерес се: социјална политика и инклузија, компаративна и глобална социјална политика и социјална политика на Европската унија. Таа е уредник на списанието „Ревија за социјална политика“ кое заеднички го издаваат Филозофскиот факултет во Скопје и фондацијата „Фридрих Еберт“, како и претставник на Република Македонија во Мрежата на независни експерти по социјална инклузија на Европската комисија.

*Д-р Мишо Докмановиќ* е доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Дипломирал, магистрирал и докторирал на овој факултет, а магистрирал и современа дипломатија на Медитеранската дипломатска академија. Работел на поголем број меѓународни проекти од областа на високото образование и социјалната вклученост, вклучувајќи ја и позицијата на координатор на Светскиот универзитетски сервис – Австрија во Македонија. Д-р Докмановиќ е претседател на Управниот одбор на Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ и член на Македонската платформа против сиромаштијата.

*Румена Крастовска* е дипломиран социјален работник. Работи како социјален работник во Советувалиштето за психосоцијална поддршка на ЛЖХИВ при Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје. Советувач за доброволно советување и тестирање за ХИВ. Член на ЗГ Х.Е.Р.А. и Здружението на социјални работници-Скопје. Посебен интерес има за застапување на социјалните и здравствените права на лицата од ранливите и маргинализираните заедници.

*М-р Владимир Илиевски* е асистент на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје. Негови подрачја на интерес се: социјална заштита на Република Македонија, социјално претприемништво, социјално вклучување на социјално ранливите групи на пазарот на трудот. Тој е член на Извршниот одбор на Здружението на социјални работници на град Скопје.

*Александар Самарџиев* е дипломиран политиколог на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје. Има работно искуство во неколку невладини организации, работа на проекти и испорачување обуки од областа на меѓуетничките односи и толеранцијата. Во изготвувањето на Годишниот извештај за сиромаштијата и социјалната исклученост е ангажиран како претставник на Здружението

за зелено општество „Гринер“, членка на Македонската платформа против сиромаштија.

*Мила Царовска* е дипломиран социјален работник и магистранд на постдипломски студии по јавно здравство при Медицинскиот факултет од Скопје. Во текот на своето работно искуство во невладин сектор, таа активно учествува во имплементација и координација на програми и проекти од областа на социјалната заштита, човековите права и сексуалното и репродуктивното здравје. Од 2007 година, како координатор за пристап, таа преку својата работа се залага сите граѓани, со посебен фокус на ранливите категории граѓани, да имаат вистински информации и знаења, како и пристап до најразлични услуги за остварување на своите здравствени, социјални, сексуални и репродуктивни права. Царовска активно учествува во повеќе мрежи и платформи на НВОи кои се залагаат за заштита и промоција на основните човекови права во Македонија. Исто така е претседател на Македонската платформа против сиромаштија (МППС).

# Содржина

***Вовед*** 8

*Маја Геровска-Митев*

***1. Сиромаштијата и социјалната исклученост во 2011 година: национални и регионални трендови*** ***11***

***2. Сиромаштијата и социјалната исклученост во Велес (вардардски регион)*** ***18***

*Мишо Докмановиќ*

***3. Сиромаштијата и социјалната исклученост во Гостивар (полошки регион)*** ***27***

***4. Сиромаштијата и социјалната исклученост во Штип (источен регион)*** ***36***

*Румена Крастовска*

***5. Сиромаштијата и социјалната исклученост во Струга (југозападен регион)*** ***50***

*Владимир Илиевски*

***6. Сиромаштијата и социјалната исклученост во Куманово (североисточен регион)*** ***58***

*Владимир Илиевски*

***7. Сиромаштијата и социјалната исклученост во Прилеп (пелагониски регион)*** ***68***

*Александар Самарџиев*

***8. Сиромаштијата и социјалната исклученост во Струмица (југоисточен регион)*** ***82***

*Мила Царовска*

***9. Сиромаштијата и социјалната исклученост во Кисела Вода (скопски регион)*** ***89***

***10. Регионална кохезија или регионален јаз: заклучоци и препораки*** ***95***

*Маја Геровска-Митев*

***Користена литература*** ***104***

# Вовед

Во функција на постигнување континуитет и развивање на анализите за сиромаштијата и социјалната исклученост во Македонија, второто издание на Извештајот за сиромаштија и социјална исклученост на Македонската платформа против сиромаштијата (МППС) кој е поддржан од Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ - Истражувачка асоцијација - Скопје (БИМ-ФВ), придонесе за систематско, повеќедимензионално и мултидисциплинарно разгледување на политиките, состојбите и предизвиците во доменот на сиромаштијата и социјалната исклученост во Македонија кои беа карактеристични за 2011 година. Овој, втор по ред Извештај, се стреми да даде поинаков фокус во анализата на состојбите од Извештајот во 2010 година, преку регионална анализа на состојбите со сиромаштијата и социјалната исклученост во РМ. Ваквиот пристап овозможува проценување на степенот на социјалната кохезија меѓу регионите во Македонија, како и идентификација на разликите меѓу ранливите групи согласно со локалитетот на живеење. На тој начин, Извештајот претставува еден од полезните ресурси за обележување (мапирање) на регионалните состојби и предизвици во соочувањето со сиромаштијата и социјалната исклученост и неопходен чекор во изготвувањето на локалните стратегии и акционите планови.

Главна цел на Извештајот за сиромаштија и социјална исклученост-2011 е да направи процена и анализа на трендовите, политиките, институционалните капацитети, ранливите групи и предизвиците во доменот на сиромаштијата и социјалната исклученост, согледана во различни општини, односно региони во Република Македонија.

Од методолошки аспект, Извештајот за сиромаштија и социјална исклученост- 2011 опфаќа исклучиво квалитативен пристап. При примената на квалитативниот пристап беа употребени повеќе техники и инструменти, и тоа: спроведување експертски интервјуа, анализа на национална и локална легислатива, како и анализа на официјални статистички податоци. Експертските интервјуа беа реализирани преку прашалник од 10 прашања (од отворен тип), преку кои се тежнееше да се обележуваат (мапираат) актуелните состојби со програмите, мерките и опфатот на корисници на услугите во анализираните домени. Експертските интервјуа се спроведоа со претставници на: локалната самоуправа (комисиите за социјална и детска заштита), центрите за вработување, центрите за социјална работа (одделот за социјална парична помош) и локалните граѓански организации.

Анализата на сиромаштијата и социјалната исклученост во рамките на овој извештај е направена врз процена на состојбите во следните домени:

вработување, социјална заштита, социјално осигурување (пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, како и осигурување во случај на невработеност) и образование.

Имајќи ја предвид целта за регионална анализа во овогодишниот Извештај за сиромаштија и социјална исклученост, фокусот на анализата беше врз осум избрани општини, во секој од осумте статистички региони во Р. Македонија. Изборот на овие општини е направен врз основа на нивната големина (поголемите центри во регионот), присутноста на различни етнички групи (каде што е можно), како и присутноста на институции во домените кои треба да бидат предмет на анализа. Иако избраните градови можеби не се вистински претставници на регионите, сепак тие нудат индикативна слика за состојбите во доменот на сиромаштијата и социјалната исклученост во секој регион.

Преку истакнатата содржинска, целна и методолошка рамка, Извештајот придонесува за континуирано и дизагрегирано следење на состојбите во доменот на сиромаштијата и социјалната исклученост во државата, притоа овозможувајќи креирање на национални и локални социјални политики базирани врз искуствена евиденција и докази.

# 1∘Сиромаштијата и социјалната исклученост во 2011 година: национални и регионални трендови

Јавните политики и програми насочени кон сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија, во текот на 2011 година, не донесоа поголеми промени и иновации во системот. На национално ниво, Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост претставува единствен документ кој директно ги третира состојбите на ранливите групи и приоритетите за нивно посеопфатно приклучување кон мерките и услугите во системот на социјалната заштита. Сепак, предложените насоки во овој национален документ, кој беше донесен во 2010 година, не беа реализирани во практиката во текот на 2011 година. Исто така, иако со Програмата за остварување социјална заштита во 2011 година беше предвидено усвојување на оперативни планови за имплементација на Стратегијата, сепак тие не беа донесени. Единствениот национален стратешки документ во доменот на сиромаштијата и социјалната исклученост, исто така, не доживеа свое ревидирање во текот на 2011 година што требаше да го доближи поблиску до целите и насоките донесени со Стратегијата на Европската унија (ЕУ) - Европа 2020.

Новитет во однос на „меката легислатива" во текот на 2011 година беше донесувањето на Националната стратегија за вработување на РМ – 2015. За позитивно одбележување е фактот што оваа стратегија е целосно усогласена со насоките и приоритетите на Европската стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст – Европа 2020. Во рамките на Националната стратегија за вработување - 2015, застапено е посебно поглавје кое е посветено на социјалната инклузија и борбата против сиромаштијата. Поглавјето дава преглед на состојбите во однос на сиромаштијата и социјалната исклученост, но тие се базирани на официјалните статистички податоци од 2009 година. Сепак, поглавјето дава понова слика за мерките и програмите иницирани или спроведени во доменот на социјалната заштита во 2011 година (како: посебен додаток за слепило и мобилност, субвенции за потрошувачка на енергија, новоотворени народни кујни, условени парични трансфери и сл.). Ова поглавје придонесува за идентификација на предизвиците и приоритетите во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост.

Според тоа, главни предизвици на државата во доменот на сиромаштијата и социјалната исклученост се:

- *Несоодветно насочување на социјално загрозените категории;*
- *Отежнат пристап на ранливите групи на пазарот на трудот (етнички заедници, жени, инвалиди, постари лица и др.);*

- *Недоволна вклученост на локалната самоуправа во проекти од социјална инклузија;*
- *Недоволен развој на персонални услуги кои опфаќаат одредени ранливи групи;*
- *Нецелосна хармонизација помеѓу централната и локалната власт во социјалната заштита;*
- *Недоволна застапеност на јавните работи на локално ниво за лица кои тешко можат да се вклучат на пазарот на трудот;*
- *Недефинирано ниво на минимална плата;*
- *Неразвиено социјално претприемништво (стр. 42, 2011).*

Иако дел од овие предизвици се пресретнати со некои понови законски решенија и системски мерки (пример: донесување на Законот за минимална плата во 2012 година, воведување електронско евидентирање на корисниците на социјална заштита почнато во 2012 година), сепак се забележува дека поголем дел од нив бараат поконтинуирани и посистематски заложби во доменот на сиромаштијата и социјалната исклученост. Земајќи го предвид фокусот на Националниот извештај за сиромаштијата и социјалната исклученост (регионалните аспекти на сиромаштијата и социјалната исклученост), загрижува фактот што помеѓу истакнатите предизвици се наоѓаат неколку кои се поврзани со раководењето на политиките насочени кон сиромаштијата и социјалната исклученост меѓу централната и локалната власт.

Важноста на Националната стратегија за вработување е зголемена со фактот што во неа се презентирани состојбите и националните цели на државата, во однос на одделните индикатори и наднационалните цели на ЕУ 2020. Притоа може да се забележи дека за разлика од доменот на вработување каде целите се диференцирани согласно со различните индикатори и профили кои се предложени со ЕУ2020, во делот на сиромаштијата и социјалната исклученост државата се одлучила за мерење и дефинирање на националната цел само преку еден индикатор, односно само преку мерење на сиромаштијата како процент на домаќинства кои живеат под линијата на сиромаштија, и тоа 70% од просечните издатоци на национално ниво. Имено, пристапот на ЕУ 2020 во однос на мерењето на сиромаштијата и социјалната исклученост предлага три индикатори – број на лица кои живеат во ризик од сиромаштија (според приходи), број на лица кои се материјално депривирани и број на лица со низок интензитет на работа (или домаќинства во кои нема ниеден вработен). Збирот од сите овие индикатори (или композитниот индикатор) овозможува оформување на проценка за лицата кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост. Истакнатата национална цел што е базирана само на еден индикатор оневозможува расчленување, увид и пристап кон сиромаштијата, како и поконкретно проценување и соочување со социјалната исклученост. Истовремено, предвидената стапка за намалување на сиромаштијата од

само 1,9% до 2015 укажува на скромниот удел на мерките, со кои треба да се дејствува на овие социјални проблеми.

***Табела бр. 1 Состојби и цели за одделни индикатори***

| | ***Македонија 2010*** | ***Национална цел 2015*** | ***ЕУ цел 2020*** |
|---|---|---|---|
| *Стапка на вработеност (20-64 г.)* | 48,1% | 55% | 75% |
| *Стапка на вработеност на млади (15-29 г.)* | 26,5% | 29% | / |
| *Стапка на вработеност на млади (15-24 г.)* | 15,4% | 17% | / |
| *Стапка на вработеност на жени* | 34% | 42% | / |
| *Стапка на вработеност на постари лица* | 34,2% | 41% | / |
| *Лица кои го напуштиле образованието* | 16,2% | 14% | 10% |
| *Лица со завршено високо образование (30-34 г.)* | 14,2% | 19% | 40% |
| *Население кое живее под линија на сиромаштијата* | 30,9% | 29% | / |

*Извор: Министерство за труд и социјална политика, 2011*

Паралелно со донесувањето на Стратегијата за вработување - 2015, во текот на 2011 година беше донесен и Националниот акционен план за вработување 2011-2013. Тој претставува систематизирање на конкретни мерки преку кои државата ќе се обиде да се соочи со проблемите на лицата исклучени од пазарот на трудот, како и на оние лица со ниски квалификации и приходи.

Останати мерки кои беа спроведени во текот на 2011 година од страна на централната власт, а се однесуваа на намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост вклучуваа: предлог за измените и дополнувањата на Законот за социјална заштита кои се однесуваат на воведување посебен додаток за слепило и за мобилност во висина од 7 000 денари што исклучиво ќе го користат 1080 сосема слепи лица и 1061 лице со најтешка телесна попреченост (кое ќе стапи во сила од 1 јули 2012 година); продолжување на Програмата за условен паричен надоместок за средно образование, и тоа за учениците од домаќинствата кои се корисници на социјална парична помош, а во учебната 2010/2011 година аплицирале 9.560 ученици; продолжување на имплементацијата на мерките за намалување на енергетската сиромаштија за

корисниците на социјална парична помош и постојана парична помош, преку Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија во март 2011 година на 17.343 домаќинства им е субвенционирана потрошувачката на енергија во износ од 600 денари. Во однос на услугите, во текот на 2011 година продолжи трендот на отворање народни кујни, со што до крајот на 2011 година вкупно имаше 36 народни кујни, за 3.357 социјално загрозени лица каде што им се обезбеди по еден топол оброк.

На локално ниво, во 2011 година беше мошне слаб интензитетот на донесување локални стратегии и локални акциони планови за соочување со сиромаштијата и социјалната исклученост. Само осум општини, Липково, Конче, Студеничани, Чашка, Радовиш, Берово, Неготино и Пехчево во текот на 2011 година изготвија посебни стратегии за соочување со сиромаштијата и социјалната исклученост. Финансиската и експертската поддршка што овие општини ги добија од страна на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ беа главниот фактор за изготвување на овие локални стратегии за сиромаштија и социјална исклученост. Поголемиот дел од општините во Репубика Македонија генерално се соочуваа со проблемите на сиромаштијата и социјалната исклученост преку: изготвување Годишна програма каде во делот за социјална и детска заштита се наведуваа локални мерки насочени кон социјално ранливите категории; изготвување локални акциони планови за вработување кои во голема мера претставуваа пресликување на мерките на Националниот акционен план без поголеми иновации; донесување национални акциони планови за вработување на Ромите во зависност од спецификите на одредени општини.

Локалните програми и мерки за соочување со сиромаштијата и социјалната исклученост во голема мера се условени од расположливите локални финансиски и човекови ресурси, како и од приоритетите на локалната власт. Сепак, имајќи ги предвид статистичките состојби на локално ниво во однос на социјално ранливото население како: бројот на домаќинства кои се корисници на социјална парична помош и бројот на невработени лица се наметнува заклучокот дека мора да се интензивираат бројноста и разновидноста на социјалните програми и мерки насочени кон ранливите категории на локално ниво.

Од дадениот преглед на домаќинства кои се корисници на социјална парична помош (СПП), може да се забележи дека во 2011 година најголеми отскокнувања од просечниот број корисници на СПП во Македонија (7,94%) имало во полошкиот регион (Тетово[1], Гостивар), југозападниот регион

1 Високата стапка на домаќинства кои се корисници на СПП во Тетово првенствено произлегува заради фактот дека бројот на корисници на СПП во Центарот за социјална работа во Тетово не се само од градот Тетово, туку и од други населени места во општината. Иако реалната стапка може да е пониска, сепак тоа не значи дека бројот на корисници на СПП во општина Тетово е многу помал

(Дебар, Македонски Брод), додека висока бројка на корисници се забележува и во североисточниот регион, односно во Куманово.

***Графикон бр. 1: Процент на домаќинства кои се корисници на СПП по градови, во 2011 година***




*Извор: Пресметки на авторот врз основа на податоци за бројот на домаќинствата по градови според пописот од 2002 на Државниот завод за статистика и податоци од центрите за социјална работа за бројот на домаќинствата кои се корисници на СПП.*

Состојбите со бројот на лица кои се исклучени од пазарот на трудот во РМ, односно кои се регистрирани како невработени, укажуваат дека најголем број невработени лица е забележлив во Македонски Брод и Тетово (38%), но високи стапки на регистрирана невработеност, исто така, се евидентни и во Струмица (35,4%), Крива Паланка (32,2%), Кичево и Прилеп (30%). Просекот на регистрирана невработеност во РМ во 2011 година изнесувал 17,61% што е значително помал од официјалната стапка на невработеност, која мерена со Анкетата за работна сила во 2011/IV изнесувала 31,8%.

***Графикон бр. 2: Процент на регистрирана невработеност по градови во 2011 година***




*Извор: Пресметки на авторот, согласно со податоците на Државниот завод за статистика за населението над 15-годишна возраст по градови според пописот од 2002, и податоците на Агенцијата за вработување за регистрираните невработени лица по градови, во декември 2011.*

Регионалната споредба на бројот на корисници на СПП и регистрираните невработени лица укажува дека најранливи региони се полошкиот, југозападниот и североисточниот, додека југоисточниот и пелагонискиот покажуваат поголема ранливост само во однос на регистрираната невработеност.

Имајќи ги предвид овие состојби на регионално, односно локално ниво, Националниот извештај за сиромаштија и социјална исклученост - 2011 во продолжение ќе направи прик аз на поконкретните социјални трендови, политики, институционални ингеренции, ранливи групи и приоритети во однос на сиромаштијата и социјалната исклученост во осум општини во Република Македонија, како индикативни примери за социјалните прилики во осумте статистички региони во државата.

# 2∘Сиромаштијата и социјалната исклученост во Велес (вардардски регион)

Овој дел од Извештајот е фокусиран на главните трендови во однос на надминувањето на сиромаштијата во вардарскиот регион, односно општина Велес. Во тој правец, анализата започнува со главните индикатори за социјалната положба на населението во овој регион, односно во општината.

## *2.1 Социјална мапа на општината*

Според податоците на Државниот завод за статистика за 2009 година, вардарскиот регион со индекс од 96,9 е најблизок до просекот на Република Македонија на домашниот бруто-производ по жител, во однос на останатите региони. Освен тоа, во 2009 година вардарскиот регион учествуваше со 7,3% во домашниот бруто-производ на земјата (ДЗС, 2011).

Врз основа на податоците од Државниот завод за статистика, на подрачјето на општина Велес, заклучно со 2010 година имаше 39316 лица на возраст од 15 до 64 години, односно 35 737 лица на возраст од 20 до 64 години (ДЗС, 2011 г. стр.19).

Што се однесува до бројот на регистрирани невработени лица на подрачјето на Центарот за вработување – Велес, заклучно со 31 декември 2011 година се регистрирани 13 088 невработени лица на возраст од 15 до 64 години што претставува 4,65% од вкупниот број регистрирани невработени лица во земјата (АВРМ, 2011). Од вкупно регистрираните невработени лица на ова подрачје, 6 120 се жени (АВРМ, 2011). Како невработени лица на возраст од 20 до 64 години се евидентирани 12 766 лица.

Имајќи предвид дека податоците на Центарот за вработување – Велес ги опфаќаат општините Велес, Градско[2] и Чашка[3], при споредба на податоците е добиена стапка на невработеност која за категоријата лица на возраст од 15 до 64 години изнесува 28%, а за категоријата лица на возраст од 20 до 64 години изнесува 30,21%.

2 Заклучно со 2010 година, бројот на населението на возраст од 15 до 64 години во општина Градско изнесуваше 2 571, а на возраст од 20 до 64 години изнесуваше 2305 лица.

3 Бројот на населението на возраст од 15 до 64 години во општина Чашка, заклучно со 2010 година изнесуваше 4862, а на возраст од 20 до 64 години изнесуваше 4206 лица.

Што се однесува до корисниците на социјална помош на подрачјето на Центарот за социјална работа – Велес, заклучно со декември 2011 година беа регистрирани 1 424 корисници на социјална помош. Ако се споредат податоците на невработени лица со бројот на корисници на социјална помош се доаѓа до заклучок дека 10,88% од невработените лица се корисници на социјална помош.

***Табела бр. 2: Избрани индикатори за социјална мапа на општина Велес***

| ***Социјални индикатори*** | ***% од население во Велес*** |
|---|---|
| *Стапка на регистрирана невработеност (15-64)* | 28 |
| *Стапка на регистрирана невработеност (20-64)* | 30.21 |
| *Домаќинства кои се корисници на СПП* | 9.64 |
| *Регистрирани невработени лица кои се корисници на СПП* | 10.88 |
| *Население покриено со здравствено осигурување* | 84.75 |
| *Население над 64 години покриено со старосна пензија* | 61 |
| *Деца на возраст од 5 до 14 години опфатени со основно образование* | 85.7 |

*Извор: Пресметки на авторот врз основа на достапните податоци за 2011 година на Агенцијата за вработување, Центарот за социјална работа во Велес, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување и на Државниот завод за статистика.*

Заклучно со овој период беа регистрирани 262 корисника на постојана парична помош, 1 265 корисници на парична помош за нега од трето лице, како и 9 корисници на парична помош на лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа. Покрај тоа, во текот на 2011 година, на подрачјето на Центарот за социјални работи се евидентирани и околу 160 корисници на условен паричен надомест. Треба да се нагласи дека во текот на 2011 година имаше голем интерес за користење на субвенциите за потрошувачка на енергија и како резултат на тоа беа евидентирани вкупно 1 140 барања во текот на годината. Конечно, заклучно со декември 2011 година беа регистрирани и 319 корисници на родителски додаток, 715 корисници на детски додаток и 232 корисника на посебен додаток.

Анализата на структурата на невработени лица на подрачјето на Центарот за вработување - Велес укажува на повеќе тенденции. Треба да се нагласи фактот дека преку 60% од невработените лица се лица без образование или со ниско образование. Релативно е висок и процентот на невработени лица со средно образование, а процентот на невработени лица со високо образование изнесува 5,89%. Невработеноста е речиси рамномерно распределена меѓу сите категории според возраста. Фрапантен е податокот дека преку 45% од невработените лица чекаат за вработување повеќе од 5 години.

Ако се споредат податоците за националната припадност на невработените лица со бројот на населението, ориентационо се доаѓа до следниве стапки на невработеност кај заедниците на подрачјето на Центарот за вработување во Велес: Македонци – 18,43%; Албанци – 25,19%; Турци – 26,94%; Роми – 29,67% и Срби – 7,28%. Овие податоци се ориентациони бидејќи за споредба се користени последните официјални и достапни податоци за структурата на населението според националната припадност по општини на Државниот завод за статистика (ДЗС, 2011 г. стр. 34-35). И покрај тоа, отскокнува податокот за високиот степен на невработеност кај ромското население што се манифестира и на самата структура на ранливите групи во општината.

Што се однесува до основното образование, на подрачјето на општина Велес функционираат 19 основни училишта. Заклучно со последните достапни податоци на Државниот завод за статистика од 2010 година, настава следеле 4933 ученици (ДЗС, 2011 г. стр. 20). Според статистичките податоци, бројот на населението на возраст од 5 до 14 години во општина Велес изнесуваше 5761 лице за 2010 година. Оттука се наметнува заклучокот дека 14,3% од населението на оваа возрасна група не е опфатено во редовното основно образование. Оваа бројка може да биде резултат на повеќе фактори: мигрирањето на населението, намалувањето на наталитетот, но и резултат на реалната исклученост на определени ранливи групи од образовниот процес (Роми, улични деца, деца со посебни потреби итн.).

Според податоците од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, заклучно со декември 2011 година, на Подрачната служба во Велес се евидентирани 56 265 осигурени лица (ФЗОМ, 2011). Доколку овие податоци се компарираат со вкупниот број население кое го опфаќа подрачната единица, се доаѓа до заклучок дека 84,75% од населението се здравствено осигурени.

Освен тоа, на подрачјето на Велес се регистрирани 5 183 корисници на старосна пензија на крајот на 2010 година (ПИОМ, 2011, стр.16). При споредба со бројот на населението над 64 години на подрачната единица на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се наметнува заклучокот дека опфатот на старосна пензија изнесува 61%.

Што се однесува до социјалното осигурување на подрачјето на Велес, може да се заклучи дека околу 15% од населението не е опфатено со здравствено осигурување, додека 40% од старите лица над 64-годишна возраст не се покриени со старосна пензија.

## *2.2 Општинска легислатива поврзана со сиромаштијата и социјалната исклученост*

Општината Велес е првата општина во Република Македонија која во 2006 година изработи елаборат за социјална заштита. Освен тоа, во Стратегијата за локален економски развој континуирано се инкорпорираат делови кои се посветени на надминувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво. Ито така беше донесен и Локален акциски план за лица со инвалидност до 2010 година, а во октомври 2011 година беше донесен нов акциски план за периодот 2011–2015 година од страна на Советот на Општината. Овој акциски план претставува главен инструмент за развој и имплементирање конкретни чекори што водат кон унапредување на состојбата на лицата со инвалидност, на локално ниво. Во креирањето се вклучени и лицата со инвалидност како директни корисници преку претставниците на своите граѓански организации, како и семејствата на децата со посебни образовни потреби и развојни проблеми. Покрај тоа, во подготовка е и Стратегија за стари лица за периодот 2011-2015 година.

Конечно, Советот на Општина Велес на годишно ниво усвојува Годишна програма на активности кои се поврзани со здравството и социјалната заштита. Како главни цели на оваа програма се наведени: обезбедување активен однос на општината за задоволување на потребите на граѓаните од областа на здравството и социјалната заштита, изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливите групи, како и социјализација на маргинализираните групи, осовременување на воспитно-образовниот процес со посебен акцент на создавањето услови и услуги за инклузија на лицата со посебни потреби.

## *2.3 Локални институции и нивни активности поврзани со социјално ранливите групи и нивна заемна соработка*

Во рамките на подготовката на Годишниот извештај за сиромаштија и социјална исклученост на подрачјето на општина Велес беа спроведени интервјуа со претставници на повеќе локални институции. Во таа насока, се чини дека Општина Велес игра најзначајна улога во организирањето и спроведувањето активности поврзани со социјално ранливите групи.

Во рамките на Годишната програма за активности поврзани со здравството и социјалната заштита во општината се предвидени поголем број активности (помош на социјално загрозени семејства и маргинализирани групи, создавање услови за згрижување на запуштени деца и деца од улица и иновативни форми за згрижување на сиромашни семејства; помош за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди; промовирање на родова рамноправност, како и грижа за стари лица). Средствата за реализација се обезбедуваат преку буџетот на Општината, а за транспарентност на целата постапка е донесен правилник кој вклучува критериуми за распределба на средствата. Дефинирањето на приоритетите за финансирање во наредната година се одвива преку јавна расправа и во соработка со здруженијата на граѓани.

Во Општината функционира и посебна Комисија за доделување еднократна помош на социјално ранливи групи (елементарни непогоди, семејно насилство итн.).

За одбележување е фактот дека општината континуирано соработува со клучните носители на интереси во оваа сфера на локално ниво и како резултат на тоа организира заеднички активности. Во таа насока, примерите за организација на заеднички настани со здруженијата на граѓаните (поддршка на жртвите на семејно насилство, грижа на старите лица, лицата со хендикеп итн.), активностите поврзани со Денот на гладните во соработка со Црвениот крст, соработката со медиумите за подготовка на емисии за ранливите групи во општината, подготовката на аудиоматеријали за слепите лица, како и обезбедувањето социјални пакети и училиштен прибор за децата без родители се мошне импресивни. Освен тоа, Општината има спроведено повеќе активности поврзани со унапредувањето на положбата на лицата заболени од церебрална парализа, како и маргинализираните групи (лица лекувани од болести на зависност, бездомници, поранешни затвореници и сл.). Иако станува збор за програма која е исклучително финансиски лимитирана, Општината очигледно наоѓа начин да распредели средства за широк круг на активности.

Таа соработува и со други институции на локално ниво. Во тој правец, за одбележување е отворањето на црковно-народната кујна во соработка со Центарот за социјални работи. Инаку, Центарот за социјални работи во Велес ги врши работите на социјална заштита за општините Велес, Градско и Чашка вклучувајќи ги и мерките за ранливите групи (материјалните надоместоци и социјалните услуги) кои се предвидени во законот. Во текот на 2011 година се регистрирани просечно по 40 нови барања за социјална помош на месечно ниво во Центарот.

Локалните институции во општината соработуваат и со институциите на централно ниво. Оваа соработка е од суштествено значење заради контрола од потенцијалните злоупотреби на корисниците на социјална помош.

За жал, учеството на приватниот сектор во поддршката на социјално ранливите категории во општината е исклучително лимитирано и претежно се сведува на донации од храна и апарати за потребите на народната кујна и дневниот центар.

## *2.4 Опис на социјално ранливите групи*

Врз основа на спроведените интервјуа може да се констатира дека главна социјално ранлива група во општината претставуваат лицата со низок степен на образование. Оваа категорија е доминантна во структурата на невработени лица во регионот, односно општината. Недоволното образование кај оваа категорија население се реперкуира на социјалната положба на повеќе начини: прво, преку намалена можност за вработување поради нивната неконкурентност (особено карактеристично за ромската популација која отскокнува во структурата на невработени лица во општина); второ, преку неинформираност на населението за своите права и можности (во интервјуата особено беше апострофирано отсуството на информираност за здравствена заштита кај ромското население, но и кај женската популација во општина Чашка); трето, преку отсуство на иницијатива за едукација на новите генерации со што магичниот круг на сиромаштијата се продлабочува („немам пари за школување“ е најчесто оправдување) итн. Како што покажаа податоците, сè уште постои значајна категорија на население кое не е вклучено во основното образование.

Покрај тоа, како значајна социјално ранлива група се наметнуваат лицата над 50-годишна возраст. Значителен е процентот на невработени лица кои на оваа возраст кога треба да се подготвуваат за пензија се соочуваат со предизвикот за барање на ново работно место или преквалификација. Дури 45% од невработените во регионот чекаат работа повеќе од 5 години.

Во рамките на спроведените интервјуа како социјално ранлива група беа посочени лицата со посебни потреби, самохраните родители (особено вдовиците и самохраните мајки со голем број деца), како и старите лица (особено лицата на кои им е потребна нега во домашни услови).

## *2.5 Приоритети и индикатори на политиката за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост*

Слично на останатите општини/региони во земјата, како клучен приоритет за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост се наметнуваат намалувањето на невработеноста и подобрувањето на животниот стандард на населението. Во таа насока, треба да бидат преземени понатамошни решителни чекори за подобрување на образованието кај населението како во функција на дошколување на ранливите групи така и во функција на нивна преквалификација. Идејата за воведување задолжително предучилишно образование треба да биде потемелно анализирана.

Освен тоа, треба да бидат разгледани дополнителни модалитети за поактивно вклучување на приватниот сектор во овој процес, особено преку можно проширување на постојните субвенции за лицата со посебни потреби на останатите социјално ранливи групи.

Дополнително, лошите животни услови имаат големо влијание врз социјалната положба кај ромското население. Консеквентно на тоа, се наметнува потребата од поширока едукација на посочените ранливи групи во врска со здравствената заштита, поконкретно со планирање на семејството и едукација на жените, како и зголемување на здравствената заштита кај ромското население особено на хронично болните.

За време на интервјуата, без исклучок, беше нагласен нискиот износ на социјална помош како приоритет за намалување на сиромаштијата. Утврдениот износ за помош не е доволен за задоволување на минималните потреби на корисниците. Во таа насока, заради доделување социјална помош на лицата на кои им е неопходна, како и избегнување заради присутните злоупотреби се наметнува потребата од сеопфатен пристап на државните органи во контролата кај корисниците на социјална помош. Како позитивен пример во рамките на интервјуата беше наведена контролата на Управата за јавни приходи на трансакциските сметки на корисниците. Врз основа на нивните приходи, на годишно ниво беше направена ревизија кај корисниците на социјална помош. Во таа насока, овој пристап треба да биде развиен првенствено кај контролата на сопственоста на недвижности и моторни возила на лицата кои се корисници на социјална помош.
Иако континуираната контрола на корисниците е најмногу потребна за да дојде помошта на вистинско место, се чини дека обврската за пријавување на корисниците на социјална помош на месечно ниво дополнително ги оптоварува ограничените човекови ресурси на надлежните институции, но и ги зголемува трошоците на самите корисници. Освен тоа, беше нагласена потребата од создавање пофлексибилна законска рамка за утврдување критериуми за користење на социјална помош, со оглед на фактот дека

постојат примери во регионот кога подносителите на барањата не ги исполнуваат критериумите, а социјалната помош им е неопходна.

Бидејќи не постои база на податоци на ранливи групи во регионот, се наметнува потребата од создавање на овој вид извор на информации во електронска форма кој континуирано ќе биде ажуриран. На тој начин, значително ќе им биде олеснета работата на локалните институции кои вршат активности во врска со надминување на сиромаштијата и социјалната исклученост.

# 3◦Сиромаштијата и социјалната исклученост во Гостивар (полошки регион)

Во овој дел од извештајот се разгледани главните тенденции во однос на надминувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост во полошкиот регион, односно во Гостивар. Во таа насока, анализата започнува со разгледување на главните индикатори на социјалната мапа на регионот, односно општината.

## *3.1 Социјална мапа на регионот/ општината*

Според податоците од Државниот завод за статистика, полошкиот регион со индекс 46,9 има најмал домашен бруто-производ по жител во однос на националниот просек на земјата. Во структурата на домашниот бруто-производ на Република Македонија, во 2009 година овој регион учествуваше со 7,2 % (ДЗС, 2011).

Врз основа на податоците од Државниот завод за статистика, на подрачјето на општина Гостивар, заклучно со 2010 година имаше 61 075 лица на возраст од 15 до 64 години, односно 53 125 лица на возраст од 20 до 64 години (ДЗС, 2011г. стр. 21).

Бројот на регистрирани невработени лица на подрачјето на Центарот за вработување – Гостивар, на крајот на 2011 година изнесуваше 12 781 лице на возраст од 15 до 64 години, односно 4,55% од вкупно регистрираните невработени лица во земјата (АВРМ, 2011). Што се однесува до половата структура на невработените лица, треба да се нагласи дека 4 093 лица од регистрираните се жени (АВРМ, 2011а). Бројот на невработени лица на возраст од 20 до 64 години изнесуваше 12 399 лица.

Имајќи предвид дека податоците на Центарот за вработување – Гостивар ги опфаќаат општините Гостивар, Маврово - Ростуше[4] и Врапчиште[5], при споредба на податоците е добиена стапката на невработеност која за категоријата лица на возраст од 15 до 64 години изнесува 14,73%, а за категоријата лица на возраст од 20 до 64 години – 16,45%.

4 Заклучно со 2010 година, бројот на население на возраст од 15 до 64 години во општина Маврово - Ростуше изнесуваше 6 359 лица, а на возраст од 20 до 64 години – 5 459 лица

5 Бројот на население на возраст од 15 до 64 години во општина Врапчиште заклучно со 2010 година изнесуваше 19 333, а на возраст од 20 до 64 години – 16 751 лице.

***Табела бр. 3: Избрани индикатори за социјална мапа на општина Гостивар***

| ***Социјални индикатори*** | ***% од население во Гостивар*** |
|---|---|
| *Стапка на регистрирана невработеност (15-64)* | 17,73 |
| *Стапка на регистрирана невработеност (20-64)* | 16,45 |
| *Домаќинства кои се корисници на СПП* | 16,58 |
| *Регистрирани невработени лица кои се корисници на СПП* | 20,8 |
| *Население покриено со здравствено осигурување* | 67,38 |
| *Население над 64 години покриено со старосна пензија* | 31,35 |
| *Деца на возраст од 5 до 14 години опфатени со основно образование* | 78,44 |

*Извор: Пресметки на авторот врз основа на достапните податоци за 2011 година на Агенцијата за вработување, Центарот за социјална работа во Велес, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување и на Државниот завод за статистика.*

Што се однесува до корисниците на социјална помош на подрачјето на Центарот за социјална работа – Гостивар, заклучно со декември 2011 година беа евидентирани 2 580 корисници на социјална помош. Ако овие податоци се компарираат со бројот на населението од наведеното подрачје, се доаѓа до стапката на корисниците на социјална помош над 19-годишна возраст што изнесува 3,42%. Доколку овие податоци се споредат со бројот на невработени лица, се доаѓа до заклучок дека 20,8% од невработените лица се корисници на социјална помош.

Заклучно со овој период беа регистрирани 52 корисника на постојана парична помош, како и 554 корисници на парична помош и нега од трето лице. Во текот на 2011 година, на подрачјето на Центарот за социјална работа се евидентирани и 573 корисници на условен паричен надомест. Треба да се нагласи дека во текот на 2011 година, кај корисниците имаше голем интерес за субвенциите за потрошувачка на енергија. Бројот на поднесени барања за субвенциите варираше во текот на годината (од 59 до 794 барања на месечно ниво, а во декември 2011 година изнесуваше 192 поднесени барања). Заклучно со декември 2011 година беа регистрирани 408 корисници на родителски додаток, 375 корисници на детски додаток и 222 корисника на посебен додаток.

Анализата на податоците за невработеноста на локално ниво укажува на повеќе трендови. Преку две третини од невработените се лица без образование или со ниско образование. Процентот на невработени лица со високо образование изнесува 5,65%. Најголемиот број невработени лица за работа чекаат до 2 години. Истовремено, висок е процентот на лица кои за вработување чекаат повеќе од 5 години и изнесува преку 40%. Повторно се наметнува заклучокот дека невработеноста е речиси рамномерно распределена меѓу сите категории според возраста.

Ако се споредат податоците за националната припадност на невработените лица на подрачјето на Центарот за вработување во Гостивар со бројот на населението во општината, ориентационо се доаѓа до следниов удел на заедниците во структурата на невработените лица: македонската заедница учествува со 25,53% во вкупниот број невработени лица; албанската заедница со 54,9%; турската заедница со 8%; ромската заедница со 4,83% и српската заедница со 0,12%. При споредба на бројот на регистрирани невработени лица според етничка припадност како удел во секоја од односните етнички заедници, се доаѓа до заклучок дека од вкупниот број Роми кои живеат на територијата на општина Гостивар, 27,5% се регистрирани како невработени; од вкупниот број на Македонци кои живеат во општина Гостивар 13,3% се регистрирани како невработени; додека 9,15% се регистрирани како невработени меѓу албанската етничка заедница и 7,40% кај турската етничка заедница. Врз основа на анализата на овие податоци треба да се нагласи дека тие се ориентациони бидејќи за споредба се користени последните официјални и достапни податоци за структурата на населението според националната припадност по општини на Државниот завод за статистика (ДЗС, 2011г. стр. 34-35). Истовремено, треба да се има предвид фактот дека голем број од населението во ова подрачје се наоѓа на привремена работа во странство и како резултат на тоа е пониска прикажаната стапка на невработеност. Иако овие податоци не ја отсликуваат реалната состојба на терен поради наведените фактори, сепак се наметнува заклучокот за релативно пониска стапка на вработеност кај ромската и македонската заедница.

Што се однесува до основното образование, на подрачјето на општина Гостивар функционираат 29 основни училишта во кои настава следеле 8382 ученика, заклучно со последните достапни податоци на Државниот завод за статистика од 2010 година (ДЗС, 2011 г. стр. 19). Според статистичките податоци за бројот на населението на возраст од 5 до 14 години, во општина Гостивар за 2010 година изнесуваше 10 687 лица. Врз основа на тоа се наметнува заклучокот дека 21,56% од населението на оваа возрасна група не е опфатено во редовното основно образование. На подрачјето на општина Гостивар се евидентирани 86 деца со посебни потреби.

Според податоците од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, заклучно со декември 2011 година на Подрачната служба во Гостивар се евидентирани 80313 осигурени лица, односно 67,38% од бројот на населението (ФЗОМ, 2011). Се претпоставува дека врз овој статистички податок влијание има и  бројот на лицата кои се на привремена работа во странство, а како резултат на тоа се јавува голем процент на лица во неформалната економија кои поради неплаќање на придонесите не се дел од здравственото осигурување.

На подрачната единица на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија - Гостивар се регистрирани 2982 корисника на старосна пензија кон крајот на 2010 година. При компарација на овој податок со бројот на населението над 64-годишна возраст, се доаѓа до заклучок дека опфатот на старосна пензија на ова подрачје изнесува само 30,35% (ПИОМ, 2011, стр.16). Нискиот процент на лица кои се покриени со старосна пензија, потенцијално говори за голем удел на неформалната економија и особено неактивност на пазарот на трудот кај женската популација кај одредени етнички заедници (Албанки, Турчинки), како можни причинители за нивната невклученост во пензиското осигурување. Иако одреден дел од старите лица може да се покриени и со инвалидско осигурување, сепак останува фактот за прилично низок процент од постарото населние во општина Гостивар кое официјално фигурира како корисник на старосна пензија.

### *3.2 Општинска легислатива поврзана со сиромаштијата и социјалната исклученост*

Во Општина Гостивар не е донесена посебна стратегија за надминување на сиромаштијата и социјалната исклученост. Сепак, во други акти на Општината се вклучени елементи поврзани со оваа област. Почнувајќи од 2008 година, Советот на општината редовно усвојува Годишна програма за социјална и здравствена заштита. Во рамките на утврдувањето на приоритетите за финансирање редовно се вклучени претставници на здруженијата на граѓани. Програмата се финансира од сопствени приходи на општината и од донации. Првенствено, програмата е насочена кон обезбедување еднократна помош за социјална и здравствена заштита (дезинфекција, дератизација итн.).

Имајќи го предвид високиот степен на невработеност, големиот број корисници на социјална помош, како и фактот дека според ДБП полошкиот регион е еден од најнеразвиените региони во земјата, треба да се даде поддршка за понатамошниот ангажман на Општината, во функција на создавање локални социјални програми за унапредување на положбата на ранливите категории население.

### *3.3 Локални институции и нивни активности поврзани со социјално ранливите групи и нивна заемна соработка*

Општина Гостивар спроведува поголем број активности кои се поврзани со надминувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост во општината. Овие активности се фокусирани на повеќе социјално ранливи групи. Во таа насока, општина Гостивар во текот на 2011 година инвестираше околу 500 илјади евра, односно 30% од капиталните инвестиции во општината, во основното и средното образование. Освен тоа, општината презеде интензивни активности за подобрување на животните услови на населението (изградба на локални патишта, набавка на камиони за собирање ѓубре, изградба на колектор за отпадни води итн.).

Во рамките на општината постои посебна Канцеларија за локален економски развој и имплементација на проекти. Во текот на 2011 година, оваа канцеларија на општината во соработка со невладиниот сектор спроведуваше активности поврзани со партиципативно буџетирање. Покрај тоа, Советот на општината усвои Одлука за покривање на дел од трошоците за престој и исхрана на децата Роми во рамките на проектот „Вклучување на децата Роми во предучилишните установи во Република Македонија“. Општината соработуваше и со Здружението на слепи „Реалитети“, даде поддршка на локалните проекти за подобрување на меѓуетничките односи, како и подготви новогодишни пакетчиња за децата со посебни потреби.

Сепак, мора да се нагласи дека средства кои и стојат на располагање на општината за реализација на овие активности се исклучително лимитирани.

Освен Општината во Гостивар, функционира и Центарот за социјални работи – Гостивар кој ги покрива општините Гостивар, Маврово – Ростуше и Врапчиште. Се смета дека на општинско ниво не постои ефикасна соработка помеѓу локалната самоуправа и Центарот за социјална работа. Беше неуспешен обидот за отворање народна кујна во Општината со посредство на овие две институции. Истовремено се наметнува потребата од унапредување на соработката меѓу овие две институции, особено во функционирањето на дневниот центар.

Што се однесува до соработката со институциите од социјалниот домен на централно ниво, како главен предизвик се наметнува потребата за поголема координација на државните и локалните органи во спроведувањето активности за унапредување на социјалната заштита на населението. Во рамките на спроведените интервјуа, како дополнителен предизвик за поефикасно функционирање на органите беше нагласена потребата од дигитализација на податоците и нивната размена во електронска форма.

Со исклучок на определени едукативни настани, Центарот за социјални работи нема поинтензивна соработка со граѓанскиот сектор. За разлика од тоа, постојат повеќе примери за успешна соработка на локалната самоуправа со здруженијата на граѓаните. Општината во овие проекти учествува како партнер.

Слична е состојбата и во однос на учеството на приватниот сектор за поддршка на социјално ранливите категории. Како резултат на економската состојба во општината, како и отсуството на поголеми индустриски капацитети, учеството на приватниот сектор во овие активности е прилично ограничено. Тоа претежно се сведува на индивидуални активности во форма на донации од парични средства и производи.

Во рамките на спроведените интервјуа, нагласена е потребата од посеопфатен и координиран пристап на институциите во контролата кај корисниците на социјална помош. Повторно како успешен пример беше посочена контролата на трансакциските сметки на корисниците, спроведена од страна на Управата за јавни приходи во 2011 година. Како резултат на тоа, треба да се нагласи фактот дека бројот на корисниците на социјална помош во општината е намален во 2011 година што првенствено се должи на континуираните контроли од страна на државните органи кои се поврзани со потенцијалните злоупотреби.

### *3.4 Опис на социјално ранливите групи*

Во рамките на спроведените интервјуа, соговорниците имаа едногласен став дека ромското население претставува главна социјално ранлива група во општината. Овој став се темели и на статистичките податоци кои се презентирани во овој извештај, со кои беше потенциран високиот степен на невработеност кај оваа заедница. Станува збор за категорија население што е без образование или со ниско образование кое живее во исклучително тешки услови и нема никакви приходи. Лошата социјална положба ги ограничува можностите за образование на населението, особено на помладите генерации и го лимитира опфатот на здравствената заштита. Освен тоа, како специфика на овој регион се наметнува и релативно високата невработеност кај македонската заедница во однос на останатите заедници.

Децата со хендикеп беа посочени како најзначајна социјално ранлива група. Како што беше нагласено, бројот на децата со хендикеп во општината изнесува над 80 лица и тие се соочуваат со голем број предизвици, главно, во однос на помагала и апарати за функционирање на наставата, како и транспортот. Во однос на оваа ранлива група се наметнува ставот дека се потребни посеопфатни решенија за унапредување на положбата на оваа

категорија, односно решенија кои подеднакво ќе ги инволвираат органите на централната власт, како и локалната самоуправа. Повремениот нов ангажман на стручни лица не ја менува положбата на оваа група на среден и долг рок. Со други зборови, како што нагласи едно од анкетираните лица - „вработувањето на еден дефектолог не е решение".

На подрачјето на регионот, односно општината, се присутни традиционалните социјално ранливи групи, и тоа: старите лица, самохраните родители итн. Конечно, во рамките на спроведените интервјуа беше акцентирано и постоењето на голем број бездомници.

### *3.5 Приоритети и индикатори во политиката за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост*

Како што беше случај и во останатите региони/општини во земјата, главните приоритети во политиката за надминување на сиромаштијата се намалувањето на невработеноста и унапредувањето на образованието на населението. Имајќи предвид дека поголемиот број од корисниците на социјална помош се без образование, фокусот на политиката за надминување на сиромаштијата и социјалната исклученост треба да биде насочен кон преземање мерки за доквалификација и преквалификација на ранливите групи за создавање вештини кои се потребни на пазарот. Сепак, имајќи ги предвид главните економски параметри на општината, како и општата состојба на стопанството во земјата, на ова поле не можат да се очекуваат видливи резултати на краток рок. Како резултат на овие трендови беше изложена идејата за ангажирање на корисниците на социјална помош како сезонски работници за подобрување на комуналните услуги, хигиената и уредувањето на јавниот простор.

Како позитивен пример, во врска со унапредувањето на образованието треба да се наведат ефектите од воведувањето на условниот паричен надомест кој има големо влијание врз зголемувањето на присуството на учениците во средните училишта. Сепак, во определени случаи поради категоризацијата спрема редовност (вкупно 22-24 оправдани и неоправдани изостаноци) дел од учениците го губат условниот паричен надомест во случај на посериозни здравствени проблеми и подолго отсуство.

Главни приоритети за унапредување на положбата на ранливите групи во општината кои се наметнуваат се зголемувањето на опфатот на здравствената заштита во општината, како и едукацијата на населението.

Врз основа на спроведените интервјуа, како дополнителен приоритет се наметна потребата од зголемување на информираност на граѓаните за

заштита и социјална помош што ја обезбедува државата. Во таа насока беше нагласена исклучително бирократизираната постапка за остварување на ова право, но и отсуството на ефикасен систем за информирање на населението за промените (како резултат на постојаната промена на законите, честопати и самите служби не се благовремено информирани). Во прилог на тоа, треба да се нагласи дека социјално ранливите групи заради остварување на правото на социјална помош треба да достават обемна документација и да одвојат значајни финансиски средства.

Дополнително беше нагласен приоритетот за сеопфатен пристап на државните органи, особено на трудовата инспекција во контролата кај корисниците на социјална помош. Покрај тоа, во рамките на интервјуата беше укажано на предизвиците со кои се соочуваат дел од институциите во нивната работа (на пример, лимитираните човечки ресурси, ангажираните лица немаат соодветно образование итн.). Во таа насока, треба да се нагласи дека Центарот се соочува и со недостиг од функционални моторни возила кои се потребни за непречено вршење на работните обврски.

# 4◦ Сиромаштијата и социјалната исклученост во Штип (источен регион)

Општина Штип е центар на источно-планинскиот регион и граничи со седум општини од источниот дел на Република Македонија. Има површина од 893 км2, со 71 населено место и вкупно 48 599 жители во целата општина.

На територијата на општина Штип најразвиена е текстилната индустрија и таа е една од основните извори за егзистенција на многу семејства. Други носечки сектори во општината се кожарската и прехранбено-преработувачката индустрија, а потоа транспортната индустрија и трговијата на големо и мало. Домашниот бруто-производ по жител во источниот регион е 30 683 (во милиони денари) или 170 486 (по жител во денари).

## *4.1 Социјална мапа на општината*

Во однос на невработеноста во општина Штип, заклучно со 2011 година има вкупно 5 528 невработени лица или стапката на невработеност во општината е 11,4%. Податоците за стапката на невработеност во однос на работоспособното население покажуваат дека кај возрасната група од 15 до 64 години стапката е 15,7%, а за работоспособното население од 20 до 64 стапката е 17,1% на територијата на целата општина. Од посочените податоци може да се констатира дека невработеноста кај најмладата возрасна група од 15 до 19 години има најмала стапка на невработеност од само 1,8 %, а кај возрасната група од 55 до 59 години стапката на невработеност е 18,7%. При ваков преглед на состојбите се констатира дека во општина Штип има висок степен на вклученост на младите на возраст од 15 до 19 години во средношколскиот образовен процес. Од друга страна, ако се анализира по возрасна структура на население од 50 години и повеќе, стапката на невработеност на оваа возрасна група е 46,5%, со што ја вбројува оваа средовечна работна сила како особено вулнерабилна на пазарот на трудот.

Од вкупното регистрирано невработено население во Република Македонија, општина Штип учествува со 1,96%. Значајна карактеристика на проблемот со невработеноста е соодносот село-град, при што се забележува голема процентуална разлика на невработени лица коишто живеат во град и на село. Од вкупните невработени лица во општината, 94,6% се невработени и живеат во град, а само 5,4% од невработените живеат во село.

Што се однесува до родовата компонента, 39% или 2 158 од невработените лица се жени што покажува дека поголем е бројот на невработени мажи, односно поголема е побарувачката за женска работна сила во општина Штип.

Според времето на чекање, невработените лица во општина Штип или чекаат релативно кратко време за вработување од 1 до 5 месеци или пак остануваат долгорочно невработени и чекаат вработување од 8 и повеќе години.

Во однос на етничката структура на населението, Бошњаците како етничка заедница во општината најдобро се снаоѓаат на пазарот на трудот и според тоа нема припадник од оваа етничка заедница што е невработен. Од останатите заедници, најголем процент на невработени има од албанската етничка заедница (25%), а веднаш по нив се турската етничка заедница (24,2%) и ромската (20,5%). Бројот на регистрирани невработени лица меѓу македонската етничка заедница изнесува 11%.

Анализата на образовниот профил на невработени лица во општина Штип, заклучно со крајот на 2011 година, покажува дека најголем дел од невработените лица се неквалификувани работници (43,5%) што директно води кон намалување на нивните можности да се приспособат на пазарот на трудот. Од анализата на податоците кои се поврзани со образовната структура, сепак може да се заклучи дека лицата кои имаат највисок степен на образование (доктори на науки) имаат најголеми можности за вработување и со таков степен на образование воопшто нема регистрирани невработени лица.

Бројот на деца кои посетуваат основно образование во 2011 година е 4 204 деца, а вкупниот број деца кои се на возрасна група од 5 до 14 години се 5 019 деца, т.е. 83,8% од децата се вклучени во образовниот процес. Само 16,3 % од децата не посетуваат основно образование. Бројот на деца со посебни потреби изнесува 31 дете, и тие се во посебни паралелки во рамките на основното образование на територијата на општина Штип.

Од посочените податоци може да се заклучи дека најмладата популација во општината во голема мера е вклучена во образовниот процес, но од интервјуто спроведено со претставник од Општина Штип, на 6.4.2012 год. се констатира дека:

> *„Проблем се јавува со децата од ромската популација кои на почетокот на учебната година се запишуваат во основните училишта, но тие редовно не го посетуваат училиштето или во текот на школската година се отпишуваат од образовниот процес“.*[6]

Бројот на регистрирани корисници на социјална парична помош (СПП) за декември 2011 е 520 корисници. Процентот на домаќинства кои се корисници на СПП во општината е 4,04%. Сепак, карактеристично за општина Штип е

6 Интервју спроведено со Вања Џамбазова, претставник од Општина Штип, на 6.4.2012 година.

тоа што има голем број корисници на правото на помош и нега од туѓо лице, односно 723 корисници на ова право. Три лица од ромската националност во 2011 година ги искористиле обуките за доквалификација и преквалификација за вработување во некое од дефицитарните занимања. Во овој контекст треба да биде проследен и одзивот на останатите корисници на СПП за користење на активните мерки за вработување кој е незначителен[7].

***Табела бр. 4: Избрани индикатори за социјална мапа на општина Штип***

| ***Социјални индикатори*** | ***% од население во Штип*** |
|---|---|
| *Стапка на регистрирана невработеност (15-64)* | 15,7 |
| *Стапка на регистрирана невработеност (20-64)* | 17,1 |
| *Домаќинства кои се корисници на СПП* | 4,04 |
| *Регистрирани невработени лица кои се корисници на СПП* | 9,4 |
| *Деца на возраст од 5 до 14 години опфатени со основно образование* | 83,8 |

*Извор: Пресметки на авторот врз основа на достапните податоци за 2011 година на Агенцијата за вработување, Центарот за социјална работа во Велес и на Државниот завод за статистика.*

Стапката на старо население над 65 години е 12%. Во општината има 6087 корисници на старосна пензија. Споредбено со бројот на лица над 60 години има покриеност од повеќе од 100%, а во споредба со бројот на лица над 65 години, стапката на стари лица кои се корисници на старосна пензија е 70%. Тоа укажува дека во голема мера се остварува правото на стекнување старосна пензија според законските регулативи.

Во однос на здравственото осигурување на населението во општина Штип, податоците говорат за голема покриеност, односно вкупно 52 789 осигурени лица. Со оглед дека подрачната служба на ФЗО ја покрива и соседната општина Карбинци, во оваа бројка се вклучени и овие осигуреници. Вкупниот број на осигуреници е поголем од бројот на жители во двете општини. Тоа се објаснува со фактот дека одредениот број наставен кадар вработен во Универзитетот не се матични жители на Штип, но според својството на осигуреници припаѓаат на општина Штип. Исто така, поради

7 Интервју спроведено со Наталија Панова - директорка на ЦСР-Штип, на 4.4.2012 год.

постоење на воена касарна во која работат професионални војници (исто така жители на други општини) бројот на здравствени осигуреници е значително поголем од вкупнот број жители на општина Штип. Земајќи го предвид погоре посоченото, може да се заклучи дека во општина Штип има висок процент на покриеност на населението со здравствено осигурување, со што се овозможува остварување на правата од здравствената заштита.

Генерално гледано, иако стапката на невработеност покажува низок сооднос со бројот на работоспособното население, најголемиот дел од населението што е вработено егзистира од приходи од текстилната индустрија. Тоа е доволен показател дека носител на вработувањето е ниско профитабилниот сектор.

### *4.2 Легислативни акти за справување со социјалната исклученост на локално ниво*

Во Општина Штип, освен постоечките, во 2011 година се донесени и други програми и планови каде што се опфатени активности кои имаат цел намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост. Поважен документ кој се однесува на оваа проблематика е Програмата за остварување социјална, детска и здравствена заштита за 2011 година, како и развиен соодветен Локален акционен план (ЛАП).

Следниве локални акциони планови се донесени во изминатиов период:

- *Локален акционен план за социјална заштита за периодот 2007-2012 што е конципиран во неколку акциони планови и е насочен кон шест целни групи: деца на улица; стари и изнемоштени лица; лица со интелектуална или телесна попреченост над 18 години; жртви од болести на зависност (алкохол, дрога и никотин); жртви на семејно насилство и жртви на трговија со луѓе,*
- *Локален акционен план за правата на децата за 2009-2014,*
- *Локален акционен план за лицата со инвалидност,*
- *Локален акционен план за домување, здравство, образование и вработување на Ромите,*
- *Локален акционен план за заштита на сексуално и репродуктивно здравје на младите во општина Штип за 2011-2012,*
- *Локален акционен план за спречување на секаков вид дискриминација за 2011-2012 година.*

Во Општината постои стратегиски план изготвен од Програмата за развој на Обединетите нации, врз чија основа се подготвуваат и акционите планови.

За најголем дел од овие програми и локални акциони планови има предвидени детални буџети и прецизни рокови во кои треба да се реализираат активностите. Постои координативно тело во кое членуваат и лица од Советот на Општина Штип, како и лица кои учествуваат непосредно во реализацијата на ЛАП, така што секоја година се прави извештај за реализираните активности. На овој начин се одвива мониторингот и евалуацијата на овие акциони планови, но како предизвик останува одржувањето на континуитетот за следење на активностите од страна на лицата од Советот кои по истекот на мандатот не учествуваат во координативното тело.

Центарот за социјална работа во Штип својата работа и спроведувањето на програмските активности ги остварува врз основа на стратегиските и програмските документи кои ги донесува МТСП, пред сѐ, Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост за периодот 2010-2020 година.

Во однос на креирањето на програмите и локалните акциони планови, во Општина Штип има широк опфат на целни групи, но се забележува недостиг на развојни програми за специфичните и менливите потреби на граѓаните во општината. Како клучен документ кој недостасува е Програма за социјално вклучување на ранливите групи како што се, на пример, бездомните лица, лицата кои живеат со ХИВ/СИДА и др.

### *4.3 Институционални ингеренции за справување со социјалната исклученост на локално ниво*

Главни актери кои се одговорни за намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост во општина Штип, примарно е Центарот за социјална работа, но и Центарот за вработување во општината и локалната самоуправа, со помал обем и не како дел од својата изворна надлежност. Овде, секако, мора да се напомне важната улога на здруженијата на граѓани и на приватниот сектор кои својата социјална одговорност мора видливо да ја презентираат кон најзагрозените групи граѓани.

ЦСР е надлежен да постапува на подрачјето на двете општини - Штип и Карбинци и опслужува околу 56 000 граѓани[8]. Најчести права што се користат се социјална парична помош (СПП) и помош и нега од друго лице кои се дел од паричната помош за социјална заштита, а сите други права се во помал обем. За илустрација, за ЕПП се јавуваат само околу 20-30 барања на месечно ниво. Во однос на етничката специфичност, за СПП најчесто се јавуваат баратели од ромската популација, и тоа претежно се мажи, а мал

8 Интервју спроведено со Наталија Панова - ЦСР-Штип, на 4.4.2012 година.

процент од женската ромска популација најчесто се баратели на СПП и ЕПП кога се работи за одвоени вонбрачни заедници или самохрани родители. Во однос на други родови специфични групи, во 2010/2011 година се јавуваат два случаја на малолетна проституција, и тоа на две малолетни деца од македонска националност. Во однос на стручната работа, најчесто се работи на решавање случаи на малолетнички бракови и вонбрачни заедници, развод и разделби при што најголем проблем претставува доверувањето на децата и вадењето на личната документација.

Помеѓу ЦСР- Штип и локалната самоуправа на општина Штип постои многу блиска и тесна соработка, при што од ЦСР ја истакнуваат професионалната, но и неформалната помош за потребите на корисниците што ја добивале од градоначалниците на општина Штип и Карбинци во поглед на транспортот и потребата од возило. Постојат координативни тела за клиентите кои се јавуваат во ЦСР, локалната самоуправа и другите институции во општината. Постои соработка и во доставување списоци на клиенти до локалната самоуправа кои понатаму работно се ангажираат во комунални дејности за определен временски период. Истиот принцип се одвива и во функционирањето на проектот „Народна кујна“. ЦСР има спроведено иницијатива за отворање подрачно одделение во руралната општина Карбинци.

Меѓусебна соработка постои и со други институции од социјалниот домен кои функционираат на локално ниво, при што се истакнува неофицијалната и ефикасната комуникација (без официјални барања, но само со едно телефонско јавување). Во интерес на клиентите е и добрата соработка со граѓанските организации, пред сè, со повеќето ромски организации, организацијата „Ехо“, „Синергија“, „Младински клуб“ и други. Позитивното искуство е акцентирано и со локалниот Центар за вработување, при што:

> *„Центарот за социјална работа во соработка со Агенцијата за вработување ги стимулира лицата кои се работоспособни, а во исто време се и корисници на СПП, да се вклучат во активните мерки за вработување, но одзивот од самите лица е многу мал. Со цел подобро да се снајдат на пазарот на трудот и работно да се оспособат, ЦСР им понуди на десетина лица да се вклучат во обуките. Поради одбивање на таквата можност и неактивното барање на работа, ЦСР им го прекина правото на СПП на овие лица“.*[9]

Во однос на соработката со приватниот сектор, таа се одвива во насока на поддршка на Дневниот центар за деца со посебни потреби (кој функционира во рамките на ЦСР), но таа соработка не е континуирана и сеопфатна. Приватниот сектор најчесто е вклучен во донирање финансиски средства

9 Извадок од интервјуто со директорката на ЦСР- Штип, спроведено на 4.4.2012 година

во хуманитарни цели, но во давањето услуги во доменот за вработување сè уште нема голем интерес.

Во својот делокруг на работење, Општина Штип има дефинирано повеќе услуги и мерки кои ги нуди за најранливите групи граѓани кои ги имплементираат општинските служби. Преку проектот „Поддршка за имплементација на Стратегијата на Ромите", веќе пет години функционира Ромскиот информативен центар во кој се вработени лица од ромската заедница. Токму овој сервис е алката за воспоставување подобри и директни врски помеѓу заедницата на Ромите и органите на државната власт. Од страна на Општината, овој Центар беше посочен како клучен актер во информирањето на ромската заедница за поддршка и застапување, директна помош во пишувањето молби и жалби, како и непосредна комуникација со локалните служби и институции. ЕПП е една од услугите кои ги нуди општината на физички лица и семејства во одреден здравствен или социјален ризик. Голем дел од активностите опфаќаат реализирање на манифестации од културно-забавен карактер, едукативни работилници, предавања и анкети, организирање бесплатни курсеви по странски јазици со цел да се зголеми конкурентноста на пазарот на трудот. Општината има аплицирано за проект за изградба на дом за стари лица кој се предвидува да функционира на принцип на јавно-приватно партнерство. Реализиран е и проект за еднакви можности и елиминирање на дискриминацијата на жената, промовирајќи ги правата од Законот за работни односи за жените вработени во текстилната индустрија. Општината преку програмата на УНИЦЕФ за ран детски развој организирала посета на децата од предучилишна возраст и од руралните средини во предучилишни установи. Исто така е реализиран Проектот за вклучување на децата Роми во предучилишните установи и во 2011 година се вклучени 19 деца. Во проектот „Народна кујна" се вклучени 85 граѓани. По барање и иницијатива на градоначалникот, сите јавни институции биле задолжени да направат пристапни рампи за лицата со посебни потреби. Општината има дневен центар за лица со пречки во развојот, а локалната самоуправа го има обезбедено просторот и помага во неговото функционирање. Општината ја искористила можноста да ангажира работно способни корисници на СПП за извршување работи од јавен интерес и во таа насока се ангажирани околу 100 граѓани за извршување работи од комунален интерес[10].

Од останатите образовни капацитети, во општината има: 4 основни и 2 подрачни училишта, 5 средни училшта во кое спаѓа и ЦССОВ „Искра", Државниот музички училиштен центар и Универзитетот „Гоце Делчев". Во рамките на ОУ „Ванчо Прке" од Штип е формирана паралелка за деца со аутизам и во неа се вкучени 4 деца.

10 Извор на податоци: Интервју спроведено со Вања Џамбазова - Општина Штип, на 6.4.2012 година.

Од здравствените институции, во општината постојат Здравствен дом (во кој функционира и Итна медицинска помош) и Клиничка болница која претставува регионален здравствен центар за источниот дел на Републиката. Во општината има пензионерски дом во рамките на Здружението на пензионери од Штип.

### *4.4 Идентификација на ранливите групи во општина Штип*

Во општина Штип не постои утврден механизам за идентификација на социјално ранливите групи, а со самото тоа институциите не поседуваат ниту точно утврдена официјална бројка за вулнерабилните групи.

Институциите кои, главно, даваат помош и обезбедуваат социјални услуги за граѓаните во општината ги посочуваат Ромите како најранлива социјална група. Ова етничко малцинство е најзагрозено во поглед на образованието, здравството, вработувањето и домувањето. Ромите се со низок степен на образование, живеат најчесто во гето во нелегализирани објекти, а голем дел од децата не се вакцинирани ниту се пријавени во надлежните институции. Општина Штип се соочува со проблемот на домување кај одредени ранливи групи, како што е дел од ромската популација. Со процесот за легализација на дивоградбите или дислокација на оваа ранлива група не се решава проблемот со домувањето и со решавањето на станбените прашања. Предизвик за општината во соработка со централната власт е изнаоѓање прифатливо и трајно решение за овие граѓани.

Според податоците од ЦСР, лицата од ромската заедница најчесто се корисници на паричните давачки, но најмногу на социјалната парична помош. Како особено ранлива група се јавува жената Ромка како самохран родител при прекин на вонбрачната заедница и при доделувањето старателство врз малолетните деца. Од ЦСР посочуваат дека 90% од жените Ромки не го знаат македонскиот јазик што ја прави невозможна комуникацијата и соработката со институциите на системот.

Од етничките заедници како специфична за општина Штип се јавува заедницата на Јуруците. Тоа е старо население кое живее во планинските делови и тие најчесто се јавуваат како баратели на некој вид помош поради болест или неспособност за работа во Општината или во ЦСР.

Старите лица се идентификувани како ранлива група од страна на Општина Штип, преку соработка со Здружението на пензионери и заедничките проекти предвидени за оваа категорија граѓани. Иако старосна пензија добиваат најголем дел од старите лица, како ранлива група се издвојуваат лицата кои имаат низок износ на пензија, со што не можат да ги задоволат

основните егзистенцијални потреби. Во голем број повеќегенерациски семејства, неретко пензијата претставува единствен извор на приходи за сите членови. Потребата од отворање Дом за стари лица е посочена од страна на самите лица, а како таква е препознаена и од локалните власти, но недостигот од финансиски средства ја оневозможува реализацијата на оваа идеја. За старите и болните лица во општината се предвидуваат и вонинституционални форми на заштита, и тоа преку партиципативно учество на самите лица, од една страна, и општината од друга страна. Во таа насока се предвидува реализирање на проект за заживување на т.н. функционални сервисни служби за изнемоштени лица и лица со инвалидитет кои ќе нудат услуги во домашни услови на самите лица и на нивните семејства.

Лицата со посебни потреби се организирани и како особено ранлива група своите права и меѓусебната поддршка ги добиваат, главно, преку неформално и граѓанско здржување. Лицата со телесен инвалидитет, слепите лица, децата со посебни образовни потреби и сл. ги остваруваат своите права и го унапредуваат процесот на социјализација во општеството преку разни граѓански здруженија. Во општината постои Дневен центар за лица со посебни потреби, но само за деца до 26-годишна возраст што укажува на потребата за сеопфатност и на останатите лица над оваа возрасна граница. За време на одбележувањето на некој значаен датум за лицата со посебни потреби, Општина Штип секогаш финансиски го поддржува и го помага организирањето на разните културно-забавни и едукативни манифестации, а за време на посебните празници се даваат и одредени донации од буџетот на Општината. По заложба на градоначалникот на општина Штип се поднесени иницијативи до јавните институции во градот за: поставување лифтови, патеки со пристапни рампи, адаптирање на тротоари, пешачки премини за лицата со инвалидност, иницијативи до надлежните институции за поставување семафори со звучна сигнализација на фреквентните крстосници, обележување на паркинг-место за инвалиди пред јавните институции во централното градско подрачје итн. Ова се само иницијативи затоа што Општина Штип нема средства и надлежности за самостојно реализирање на овие активности.

Според изјавата на претставник од Општина Штип:

> *„Во 2011 година Општина Штип предвиде отворање на Клуб на лекувани алкохоличари за лицата кои имале проблем со алкохолот со цел да ја одржат апстиненцијата, при што се обезбедени буџет и просторија која беше реновирана од страна на Општината, а опремувањето и започнувањето со работа е предвидено на почетокот на 2012 година“.*[11]

11 Извадок од интервјуто со Вања Џамбазова - претставник од Општина Штип, спроведено на 6.4.2012 год.

Во општина Штип има посебни паралелки за децата со посебни потреби кои учат во едно од основните училишта во градот, со што се обезбедени соодветни услови за следење на образовниот процес. Според проценките направени во ЦСР на сите предмети за утврдување на правото на условен паричен надоместок, околу 300 деца биле на возраст од 15 до 18 години кои би биле во можност да го искористат тоа право. Сепак, резултатите од анализирањето покажуваат дека само 23 деца го остваруваат правото на условен паричен надоместок, а другите 270 деца немаат ниту основно образование што значи дека се неписмени и не ги исполнуваат условите за остварување на ова право[12]. Најчесто детскиот труд се злоупотребува од страна на родителите кои неретко ги инволвираат своите деца и во малолетничко престапништво и кражби, со цел да дојдат до основни средства за егзистенција. Просјачењето и сè поголемиот број деца на улица укажуваат на потребата од отворање на Дневен центар за деца на улица, со цел згрижување и образување на овие деца.

Иако жените не се потенцирани како посебно ранлива категорија, сепак преку Комисијата за родова рамноправност и преку разните женски здруженија во општина Штип, афирмативно се влијае за подигање на свеста за правата на жената во семејството, на работното место и во општественото живеење. Жените- жртви на семејно насилство се издвојуваат како група која сè уште не е доволно препознаена од институциите. Поради ниската свест за препознавање на насилството, мобингот на работното место, предрасудите и стереотипите со кои се соочува, жената ја вбројуваат во социјално загрозена група. Активностите кои се преземени за младите луѓе говорат дека оваа група е препознаена како посебно ранлива и изложена е на социјален ризик. За таа цел се организираат превентивни и едукативни содржини во рамките на неформалниот образовен процес и надвор од него.

## *4.5 Приоритети за справување со социјалната исклученост во општина Штип*

Во Општина Штип не се води база на податоци и нема механизам за идентификација на лицата кои се изложени на социјален ризик. Врз основа на тоа, нема утврдени индикатори за следење на локалните политики. Граѓаните непосредно се обраќаат до одговорните лица во Општината и врз основа на изнесените потреби и проблеми се креираат локални акциони планови за да се подобри состојбата со сиромаштијата и да се зголеми социјалното вклучување на тие лица. Општината има идентификувано парцијални приоритети за секоја ранлива група во различни домени од општественото живеење, но тие не се репрезентативни бидејќи не ги

12 Извадок од интервјуто со Наталија Панова - ЦСР-Штип, спроведено на 4.4.2012 година.

отсликуваат објективно и реално потребите и проблемите на целата група. За да се излезе во пресрет на потребите на луѓето и да се понуди поголем опсег на услуги, Општина Штип како главна цел има дефинирано добивање на повеќе финансиски средства од централната власт, како и од меѓународните институции и фондации. Ова подразбира зајакнување на капацитетите на општинската администрација преку обуки и надградување на своето знаење, со цел аплицирање и добивање на домашни и меѓународни проекти.

Општината треба да донесе програми за социјална вклученост кои ќе претставуваат метод на интегрално, мултисекторско и мултикоординативно планирање на социјалниот развој со соодветни институционални и вонинституционални фактори на локално ниво.

Со едно опсежно и детаљно истражување, Општина Штип би можела да ги обележи (мапира) и останатите ранливи групи кои досега не биле опфатени со ниедна програма или активност. Токму социјалната инклузија на најранливите групи е потенцирана како приоритетна цел во понатамошното работење на Центарот за социјална работа во Штип. Секако, фокусот е ставен на ромската заедница како најранлива група, но континуитет во донесување и спроведување активности треба да има и за останатите целни групи - лицата со посебни потреби, старите лица, децата и жените.

Мерливоста на поставените цели во секој домен од социјалното живеење може да се постигне само со утврдување на прецизни индикатори. Сепак, институциите во општината немаат дефинирано систем на мониторинг и евалуација во рамките на своите проекти. Во ЦСР-Штип работењето и спроведувањето на активностите, главно, се одвива под надлежност и инструкции на ресорното министерство, додека Општина Штип има координативно тело кое подготвува годишни извештаи за реализираните активности кои се предвидени во однос на локалните акциони планови. Општината треба да создаде соодветни рамки за мониторирање и евалуација на сите планирани активнсти во програмите и акционите планови. Потребно е да се создаде развојна рамка за дефинирање, планирање, развивање, имплементација, мониторирање и евалуација на активностите од социјалната сфера и вклученост на краток, среден и долг рок. За дел од активностите Општината има предвидено средства, но сепак донесувањето детален буџет е многу важен за развивање и имплементирање на сите останати активности. Општините треба поактивно да го користат пристапот на јавно-приватно партнерство во планирањето, финансирањето и имплементацијата на капиталните проекти.

Во однос на приоритетите за различните целни групи, и Општина Штип и ЦСР- Штип го имаат утврдено ниското образовно ниво и писменоста на ромската заедница како најбитен индикатор за социјално вклучување на

оваа ранлива група. За таа цел општинската администрација почнала со истражување и евидентирање на лицата без основни документи за лична идентификација на ромската заедница. Со оглед на посочениот проблем, потребно е да се забрза процесот на воведување меѓуресорско поврзување на ЦСР и останатите институции и да се олесни обезбедувањето на потребната документација за корисниците на услугите од социјалната дејност. Проблемот со вработувањето на ромската заедница е исто така акцентиран како еден од најважните предизвици на општина Штип. Од досегашната соработка со АВРМ-Штип се покажало дека постои многу мал интерес за вклучување на ромската популација во активните мерки за вработување. Исто така најновите обележувања (мапирања) од терен покажале дека како нова ранлива група сè повеќе се јавуваат децата Ромчиња кои просјачат или се деца на улица. Како приоритетна активност се предвидува отворање на Дневен центар за згрижување на околу 25 деца од улица.

Во однос на приоритетните заложби за подобрување на состојбата на жената во општина Штип, предвидени се активности од Акциониот план за спречување на секаков вид дискриминација. Покрај ова, Општината се води и од мерките за вработување и стимулирање на жените за користење на новите можности за субвенционирање на женското претприемништво. Со оглед дека жената е особено ранлива од семејното насилство и мобингот, потребно е државата да овозможи станбена и економска сигурност на жените-жртви на одредени видови насилство, со што ќе се овозможи соодветна социјализација на овие жени и драстично би се намалиле ризиците за овие појави. Конкретни индикатори за реализација на целите не се предвидени.

Приоритетните потреби за старите лица веќе неколку години наназад се идентификувани, но нивната реализација е оневозможена поради недостигот на финансиски средства. Како корисници на права од областа на социјалната заштита, оваа ранлива група е застапена, но воопшто не се развиени институционалните и вонинституционалните услуги. Неопходно е Општината во соработка со институциите од социјалниот домен да изнајдат начин за сместување и згрижување на старите лица, особено оние со ниски примања

Покрај предвидените функционални сервисни служби е потребно и отворање на дневни центри за стари лица. Јавно-приватно партнерство во интерес на овие корисници би бил добар модел во функционирањето на различните видови сервиси.

Многу мал број лица со попреченост се јавуваат како корисници на ППП. Во таа насока, потребно е да се зголеми износот на паричните давања според потребите на лицата со попреченост. Како приоритетни активности за оваа ранлива група се издвојуваат згрижувањето и социјализацијата на лицата со попреченост над 26 години.

Општина Штип во соработка со граѓанскиот сектор и ЦСР посебен акцент ставаат на децата и младите луѓе како вулнерабилна група. За децата со попреченост има развиено услуги и сервиси кои во голема мера овозможуваат обезбедување соодветни услови за образование и воспитание. Сепак има подгрупи на деца за кои нема развиено никакви програми или акциони планови. Тука несомнено се вбројуваат децата-жртви на семејно насилство, злоупотребувани деца, деца на улица, деца без родители и родителска грижа, деца и млади кои конзумираат алкохол и дрога и други.

Преку утврдување на приоритетите и поставување јасни и прецизни индикатори за остварување на целите, би се развиле нови програми и би се задоволиле и други специфични потреби на различни ранливи групи во општината.

# 5◦ Сиромаштијата и социјалната исклученост во Струга (југозападен регион)

Струшката општина зафаќа површина од 5073 ha или 1/3 од вкупната брегова линија на езерото, т.е. половина од вкупната површина на котлината. Според податоците од проценките на населението од Државниот завод за статистика за 2010 година, во општина Струга имало 64 543 жители. Во градот живеат 16 559 жители. Според пописот од 2002 година, во општината има мешана етничка структура на население и го сочинуваат: Албанци 36 029; Македонци 20 336; Турци 3 628; Роми 116; Срби 106; Власи 656 и други 2 402.

Според податоците на Заводот за статистика (2009), ДБП во југозападниот дел изнесува 7,6%, додека ДБП по жител изнесува 70,0%. Според овие показатели е потребен поголем економски развој на општината за да се обезбеди вработување и да се зголемат приходите и можностите на општина Струга.

### *5.1 Социјална мапа на општина Струга*

Вкупниот број на регистрирани невработени лица во општина Струга изнесува 7716 лица во декември 2011 година што претставува 16,3% од населението во општината на возраст од 15 до 64 години, или 18,8% од населението на возраст од 20 до 64 години. Општина Штип учествува со 2,74% во вкупната регистрирана невработеност во РМ. Во општина Струга доминира невработеноста кај руралното население кое во вкупниот број на регистрираните невработени лица учествува со 64,6%.

Според половата структура, вкупниот број на невработени мажи изнесува 4 816 (63,58%) и жени 2 900 (38,41%). Според возраста на невработени лица, од 20 до 24 години се невработени 1 064 (14,21%), од 25 до 29 години 945 (13,88%), од 30 до 34 години (10,03%), од 35 до 39 години 854 (12,93%), од 40 до 44 години 800 (11,63), од 45 до 49 години 864 (12,80%), од 50 до 54 години 851 (12,79%), од 55 до 59 години 770 (10,02%) и од 60 години и повеќе 539 (7,01%).

Споредбата на бројот на регистрирани невработени лица според етничката припадност и нивното учество во секоја од етничките заедници укажува дека највисока стапка на регистрирана невработеност има кај ромското население, односно 51% од Ромите во општина Струга се евидентирани како невработени. Втора најбројна етничка заедница се Македонците,

односно 17,1% од вкупниот број Македонци во општината се регистрирани како невработени, споредено со 8,2% меѓу албанската етничка заедница и 4,16% меѓу турската етничка заедница.

Според степенот на образование, најголем број невработени лица се без завршено или некомплетирано основно образование - НКВ 3 960 (52,67%), потоа со ПКВ и НСО 719 (10,68%), КВ 897 (12,37%), ССО 1 420 (19,59%), вишо образование 103 (2,66%), високо образование 609 (8,10%), магистри 8 (0,11%) и доктори 0.

Според времето на чекање, најголем дел од невработените чекаат за вработување повеќе години. Вкупно 1897 лица (25,41%) чекаат повеќе од 8 години, 989 лица (13,18%) чекаат од 5 до 7 години и 902 лица (12,31%) чекаат 2 години.

***Табела бр. 5: Избрани индикатори за социјална мапа на општина Струга***

| ***Социјални индикатори*** | ***% од население во Струга*** |
|---|---|
| *Стапка на регистрирана невработеност (15-64)* | 16,3 |
| *Стапка на регистрирана невработеност (20-64)* | 18,8 |
| *Домаќинства кои се корисници на СПП* | 4,29 |
| *Регистрирани невработени лица кои се корисници на СПП* | 6,72 |
| *Покриеност на лица над 65 години со старосна пензија* | 43,36 |
| *Покриеност на населението со здравствено осигурување* | 76,18 |
| *Деца на возраст од 5 до 14 години опфатени со основно образование* | 78,04 |

*Извор: Пресметки на авторот врз основа на достапните податоци за 2011 година на Агенцијата за вработување, Центарот за социјална работа, Фондот за пензиско и инвалдиско осигурување, Фондот за здравствено осигурување и на Државниот завод за статистика.*

Вкупниот број корисници на социјална парична помош во 2011 година изнесува 519 лица. Покриеноста на регистрираните невработени лица со социјална парична помош е прилично ниска – 6,72% што укажува на слаба материјална заштита на невработените лица преку системот на социјална заштита.

Според ПИОМ, во општината вкупниот број на евидентирани корисници на старосна пензија во 2010 година изнесувал 2346 корисници што претставува

43,4% од населението на возраст над 65 години. Ова е прилично ниска покриеност што потенцијално може да укажува на постоење висок процент на непријавена работа што придонесува за неможност од користење на социјалните трансфери базирани на придонеси.
Според евиденцијата на ФЗОМ (2011), во општина Струга има вкупно 49 169 здравствени осигуреници. Споредено со бројот на население во општината, ова покажува дека здравственото осигурување не е универзално, односно нема целосна покриеност.

Од вкупно евидентираните 8 865 деца, на возраст од 5 до 14 години се вклучени 6 911 деца (78,04%) во образовниот процес. Овој показател укажува дека 22,06% од децата на возраст од 5 до 14 години се исклучени од образовниот систем што укажува за преземање активни мерки и програми од страна на Општината и на останатите надлежни релевантни субјекти во државата за нивно вклучување во редовно образовниот процес.

## *5.2 Легислативни акти за справување со социјалната исклученост на локално ниво*

Општина Струга има донесено Стратегија за одржлив развој 2006-2011 година и Програма за социјална заштита 2011 година каде се детерминирани подрачјата во кои треба да се дејствува во општината, во однос на социјалната заштита на населението.

Преку Програмата за социјална заштита за 2011 година, директно им се помага на социјално ранливите групи на населението (социјално загрозени поединци, семејства, лица со инвалидност, бездомници, поединци и семејства погодени од одредена елементарна непогода и др.).

Во однос на користењето на активните програми и мерки за вработување од Оперативниот план 2011, најголем број од евидентираните невработени лица ги користеле следниве активни мерки и програми од Центарот за вработување- Струга:

- *Субвенционирање за вработување (деца без родители, самохрани родители, брачни парови со повеќе од 3 деца, постари лица (55-62 години), млади лица до 27 години и инвалидизирани лица);*
- *Програма за самовработување (Програма за вработување со повратни средства, Програма за вработување со неповратни средства); и*
- *Програма за практиканство.*

Во Програмата за практиканство биле вклучени вкупно 8 лица во 2011 година. Тие својата практична работа ја реализирале најчесто во туристичката дејност.

## *5.3 Институционални ингеренции за справување со социјалната исклученост на локално ниво*

Во рамките на општина Струга постои: Одделение за социјална, детска и здравствена заштита и Комисија за социјална, детска и здравствена заштита.

Во Одделението за социјална, детска и здравствена заштита не е вработен социјален работник.

Преку Програмата за социјална заштита за 2011 година, Општина Струга директно им помогна на социјално ранливите групи (социјално загрозени поединци, семејства, лица со инвалидност, бездомници, поединци и семејства погодени од одредена елементарна непогода и др.) преку доделување еднократна парична помош, во согласност со предвидениот годишен буџет на Општината за таа намена.

Преку истата програма се издвојуваат финансиски средства преку јавен повик за поддршка на граѓанскиот сектор во остварувањето на програмските активности во областа на социјалната заштита.

Општината од 2007 година учествува во кофинансирање на тековното работење на Дневниот центар за лицата со интелектуална попреченост над 18 години кој работи во состав на НВО „Порака Нова“.

Во 2011 година, Општината активно се вклучи во обезбедувањето архитектонска пристапност на граѓаните до поголем број социјални, здравствени, образовни и културни установи во градот преку поставување пристапни рампи.

Јавната установа - Меѓуопштински центар за социјална работа на град Струга е единствена институција што ја спроведува социјалната заштита на населението во општина Струга и Вевчани.

Во Дневниот центар за лицата со интелектуална попреченост „Порака Нова“ се згрижени вкупно 16 корисници над 18-годишна возраст.

Здравствената заштита на подрачјето на општина Струга се реализира преку 4 јавни здравствени установи (Здравствен дом, Општа болница, Завод за нефрологија и Здравствен дом-Вевчани). На територијата на општината има приватни ординации од примарната здравствена заштита, приватни ординации за специјалистичка здравствена заштита и приватни стоматолошки ординации.

Во општина Струга образованието се одвива на следниве нивоа: две предучилишни установи, две централни основни училишта и 24 подрачни

единици, едно средно државно училиште, две приватни средни училишта и една висока приватна образовна установа.

Во рамките на ОУ „Браќа Миладиновци“ од Струга постои посебна паралелка со 10 ученици, и тоа: деца со лесна ??? и со умерени пречки во развојот.

Во централната градинка „Пеперутка“ се вклучени 9 деца со инвалидност што се реализира како пилот-проект.

Во општина Струга има подрачни единици на Фондот за здравствено осигурување и на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ.

Постои одлична соработка и координираност помеѓу установите во градот, во однос на помогање на социјално ранливите групи.

### *5.4 Идентификување на ранливите групи во општината*

Врз основа на горенаведените статистички показатели, најранливи социјални групи врз основа на невработеноста се: невработени лица од 20 до 24 години - вкупно се 1 064 лица (14,21%) од вкупно евидентираните невработени лица во општина Струга, според пол - вкупно 4 816 се мажи (63,58%), лица со НКВ 3 960 (52,67%), според време на чекање има најголем број невработени, и тоа вкупно 1 897 лица (25,41%) кои чекаат повеќе од 8 години.

Според претставникот на ЦСР, во рамките на социјалната заштита за специфични категории лица се сметаат старите лица кои се материјално необезбедени или неспособни за работа, лицата без семејна грижа и малолетниците кои се сторители на кривични дела. Посебна категорија претставуваат децата со посебни потреби кои се корисници на посебен додаток, а го добиваат преку нивните родители.

Во Струга работи народна кујна што ја користат вкупно 70-90 корисници, и тоа: (социјално загрозени семејства, болни и изнемоштени лица и лица со инвалидност).

За 2011 година, во Центарот за социјална работа-Струга се евидентирани вкупно 26 зависници од дроги и психотропни супстанции кои се на метадонска терапија во Метадонскиот центар во Охрид.

Во Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост „Порака Нова“ се згрижени вкупно 16 корисници над 18-годишна возраст.

Бројот на лицата-питачи особено во летната сезона е во постојан пораст. Во дел од градот, постои улица, во непосредна близна на Медицинскиот центар-Струга каде што претежно се населени Роми (декларирани во пописот како Египјани), кои живеат во супстандардни услови на кои им е потребна помош за обезбедување на нивно социјално домување.

### *5.5 Приоритети за справување со социјалната исклученост во општината*

Според претставникот од Општина Струга, општината има потреба од одредени институционални и вонинституционални форми и услуги на социјална заштита за одредени социјални ранливи групи: стари лица, жени жртви на семејно насилство, бездомници, лица кои употребуваат и злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции. Треба да се изградат дневни центри за згрижување на горенаведените целни групи, но поради нерешените имотно-правни работи на веќе постоечките објекти, строго ограничениот буџет и вработените кои работат во општината не можат да се имплементираат.

За да се помогне на социјално ранливите групи во општината, потребен е поголем буџет за доделување еднократна парична помош.

Во Струга има потреба од Метадонски центар за лицата кои употребуваат droги и други психотропни супстанции за да не патуваат до Охрид.

Општината треба да им помогне на Ромите (Египјани) околу подобрување на условите за живеење или да им обезбеди социјално домување бидејќи живеат во супстандарни услови во одделен дел од градот.

Неопходно е дислоцирање на ЦСР бидејќи во моментов тој се наоѓа во зграда на спрат и е тешко достапен за лицата со посебни потреби и старите лица кои се корисници на услугите на ЦСР.

Од страна на претставникот на ЦСР, тие не се сигурни дали треба да има одредени форми и услуги од институционална и вонинституционална социјална заштита за населението, како што е изградба на социјална установа за згрижување на стари лица или дневен центар за бездомници поради можната слаба заинтересираност од страна на корисниците. Додека не се отворат, не може со сигурност да се утврди фактичката состојба од нивна потреба во градот.

Во градот треба да постои патронажна служба за помош на старите и изнемоштените лица.

Граѓанскиот сектор во општина Струга има потреба од нивна поголема активност во спроведувањето различни проекти од социјална заштита, нивно дообучување, поголема меѓусебна соработка, како и финансиска поддршка од страна на домашни и странски фондации и организации.

Според претставникот од Центарот за вработување-Струга, за користење на активните мерки и програми за вработување постои голем интерес од страна на социјално ранливите групи кои се опфатени со Оперативниот план 2012 година, и тие не треба да бидат ограничени (како број на баратели) од страна на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

# 6° Сиромаштијата и социјалната исклученост во Куманово (североисточен регион)

Куманово се наоѓа во североисточниот регион на Република Македонија. Според новата територијална поделба од август 2004 година, Куманово е најголема општина во РМ и зафаќа површина од 509,4 км2. Структурата на населението е хетерогена, и тоа не само во градот туку и во поголемиот дел од селските средини каде што живее население од повеќе етнички групи, разновидна образовна, старосна и полова структура, со различни обичаи, вероисповест и навики, разновидни занимања и други карактеристики. Природните богатства во Кумановско се разновидни. Има неколку извори на минерална вода. Освен водите, карактеристично е богатството со плодни почви, разновиден растителен свет и наоѓалишта на метални и неметални руди. Од металните наоѓалишта познато е антимонско-арсенското наоѓалиште кај с.Лојане, додека од неметалните се базалтните и глинените резерви кај с.Младо Нагоричане. Кај с.Липково се користат травертините, а кај с.Бељаковце се наоѓалиштата на опалска бреча, односно мермер кај Вуксан.

## *6.1 Социјална мапа на градот*

Според домашниот бруто-производ по жител и во споредба со просекот во Република Македонија, североисточниот регион има најмало учество со 4,5 %.

Вкупниот број на регистрирани невработени лица во општина Куманово изнесува 23 111 лица, од кои поголемиот број се мажи (55,83%). Стапката на регистрирана невработеност кај населението од 15 до 64 години изнесува 30,56%, додека стапката на регистрирана невработеност кај работоспособното население на возраст од 20 до 64 години изнесува 34,18%. Општина Куманово учествува со 8,22% во вкупната регистрирана стапка на невработеност во Република Македонија.

Вкупно 50,27% од невработените во Куманово се Македонци, 41,4% се Албанци, 0,22% се Турци, додека 3,14% се Роми. Најголема невработеност според бројот на жители во Куманово има кај албанската етничка заедница која е втора по големина етничка група во оваа општина. Вкупниот број на население од албанската етничка заедница изнесува 27 290, од кои 35,09% се невработени, споредено со 18,9% невработени меѓу Македонците, 17,08% меѓу Ромите и 17,8% меѓу турската етничка заедница.

Според образованието, најголем број на невработени се НКВ лица, и тоа вкупно 12 130 (54,48%), потоа следуваат лицата со ССО 5 806 (25,12%), КВ 3 242 (14,02%), 1 021 лице (4,41%) се со високо образование, ПКВ и НСО 674 (2,91% ), 230 лица (0,92% ) се со вишо образование.

Најголем број невработени лица според возраста има кај лицата од 20 до 24 години, и тоа 2 882 лица (12,47%), потоа кај лицата на возраст од 25 до 29 години - 2 809 (12,15%) што укажува на фактот дека во општина Куманово вработувањето по завршување на средно или високо образование не е едноставно. Од невработените лица, 2 793 (12,08%) се на возраст од 35 до 39 години, 2 636 (11,4%) се на возраст од 30 до 34 години, 2 742 ( 11,78%) се од 40 до 44 години, 2 617 ( 11,32%) се од 45 до 49 години, 2 315 ( 10,02%) се од 50 до 54 години, 2 149 (9,29%) се од 55 до 59 години и 1 616 (6,99%) се од 60 и повеќе години.

Според податоците на Агенцијата за вработување, најголемиот дел од невработените лица, односно 30,17% (6 973) чекаат за вработување 8 и повеќе години, 14,64% (3 384) од 5 до 7 години, 10% (2 312) 2 години, 9,7% (2 245) од 1 до 5 месеци, 7,56% (1 748) 3 години, 7,51 % (1 737) од 6 до 11 месеци, 6, 94% (1 604) 4 години, 6,52% ( 1 507) од 12 до 17 месеци, 4,91% (1 136) од 18 до 23 месеци и 2,01% (465) од невработените чекаат за вработување помалку од 1 месец. Резултатите јасно покажуваат дека барањето работа во Куманово трае повеќе години.

***Табела бр. 6: Избрани индикатори за социјална мапа на општина Куманово***

| *Социјални индикатори* | *% од население во Куманово* |
|---|---|
| *Стапка на регистрирана невработеност (15-64)* | 30,56 |
| *Стапка на регистрирана невработеност (20-64)* | 34,18 |
| *Домаќинства кои се корисници на СПП* | 17,21 |
| *Регистрирани невработени кои се корисници на СПП* | 17,78 |
| *Покриеност на лица над 65 години со старосна пензија* | 67,29 |
| *Деца на возраст од 5 до 14 години опфатени со основно образование* | 86,83 |

*Извор: Пресметки на авторот врз основа на достапните податоци за 2011 година на Агенцијата за вработување, Центарот за социјална работа, Фондот за пензиско и инвалдиско осигурување и на Државниот завод за статистика.*

Бројот на корисници на социјална парична помош во 2011 година изнесувал 4111 корисници (домаќинства) што претставува 17,21% од вкупниот број

домаќинства во општината. Од вкупниот број регистрирани невработени лица, само 17,8% биле корисници на социјална парична помош во 2011 година.

Вкупниот број лица кои биле здравствено осигурени во 2011 година изнесувал 114 111 што значи дека е поголем бројот на осигуреници и осигурени лица од вкупниот број население во општината – 105 484. Ова укажува дека во градот генерално има висока покриеност со здравствено осигурување, како и тоа дека одреден број лица кои не се жители на општината се здравствено осигурени преку Фондот во Куманово.

Во 2011 година според Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, 7 805 лица биле приматели на старосна пензија што претставува 67,29% од населението над 65-годишна возраст во општината.

Вкупниот број деца на возраст од 5 до 14 години во Куманово изнесува 14 036, а бројот на деца вклучени во воспитно-образовниот процес во основно образование е 12 188. Тоа значи дека 86,83% од децата се вклучени во воспитно–образовниот процес, односно 13,16% од децата се надвор од воспитно- образовниот систем во општина Куманово.

### *6.2 Легислативни акти за справување со социјалната исклученост*

Општина Куманово има донесено Програма за социјална заштита за 2011 година во која се детерминирани подрачјата каде треба да се дејствува во општината во однос на социјалната заштита на населението. Преку Програмата директно им се помага на социјално ранливите групи (социјално загрозени поединци, семејства, лица со инвалидност, бездомници, поединци и семејства погодени од одредена елементарна непогода и др.).

Исто така, постои Стратегија за развој на образованието за периодот 2011-2016 година, како и Локална стратегија за млади за 2008-2013. Општината има донесено и Акционен план за превенција на ХИВ/СИДА кај млади под најголем ризик.

### *6.3 Институционални ингеренции за справување со социјалната исклученост на локално ниво*

Во рамките на општина Куманово постои: Одделение за социјална, детска и здравствена заштита и Комисија за социјална, детска и здравствена заштита.

Во Одделението за социјална, детска и здравствена заштита не е вработен социјален работник.

Општина Куманово вклучува помош за социјално ранливите групи и семејства преку Програмата за социјална заштита за 2011 година, со доделување еднократна парична помош во висина од 5.000 до 10.000 денари за (социјално загрозени лица, семејства, лица со инвалидност, лица на кои им е потребно лекување и рехабилитација во државата и странство). За реализирање на оваа програма, општината има издвоено 700.000 денари од вкупниот буџет на општината во 2011 година.

Општината доделува средства за вклучување на децата-Роми во детските градинки, со што го поддржува и активно учествува во процесот на социјална инклузија. Најголем број од нив потекнуваат од социјално загрозени семејства. За таа намена, од буџетот на општината биле издвоени вкупно 180.000 денари во 2011 година.

Во изминатата 2011 година, преку Агенцијата за вработување биле спроведени повеќе програми за помош и поддршка за вработување на социјално загрозените лица како дел од Оперативниот план – Активни мерки за вработување 2011 година.

Најголем интерес и доставени барања имало за користење на следните програми: Субвенционирање за самовработување (Субвенционирање за самовработување со неповратни средства, Субвенционирање за самовработување со повратни средства, Субвенционирање за вработување на инвалидизирани лица), Програма за практиканство - зголемен бил интересот за користење на оваа програма од страна на евидентираните невработени лица до 27 години, со завршено високо образование, Програма за економско јакнење на жените-жртви на семејно насилство. Само една жена–жртва на семејно насилство била вклучена на пазарот на трудот. За таа цел е потребна поголема соработка со Центарот за социјална работа и со работодавците за поголемо користење на оваа програма.

Во 2011 година, од страна на НВО „Дром“, во општина Куманово се реализирал проектот „Спречување на илегална миграција преку подобрување на децентрализиран труд и промоција на ранливите групи“. Главна цел на проектот било да се подобрат можностите за вработување на младите Роми, преку обезбедување стручна обука, обука на работното место, курсеви со одредени компании, посредување при вработување, односно воспоставување врски со корисниците на услугите и со Агенцијата за вработување, со цел да им се овозможи нивно самовработување.

Образовниот процес во општина Куманово се реализира во вкупно 21 училиште, и тоа во 17 основни и четири средни училишта. Во градот постои билингвална детска градинка која ја реализира програмата „Мозаик“ на македонски и на албански јазик.

Социјалната заштита во Куманово се реализира преку: ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Дом за стари лица „Зафир Сајто“, Дневен центар за деца со инвалидност до 18 години кој е во рамки на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Дневен центар за лица со инвалидност преку НВО „Порака Наша“ за лица над 18 години и еден Дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психоактивни супстанции.

Ромските здруженија на граѓани помагаат во однос на остварување на правата од областа на социјалната заштита, особено во делот за надминување на административните формалности за одредени социјални ранливи групи кои не се во можност да ги реализираат: пополнување на барања и обрасци за остварување одредени права од социјална заштита, помош при вадење лична документација и др.

Здравствената заштита на подрачјето на општина Куманово се одвива преку 3 јавно здравствени организации: Општа болница, Центар за јавно здравје, Здравствен дом и околу 90 приватни општи и специјалистички ординации.

Во рамките на Општата болница функционира Дневниот центар за метадонска терапија за лица кои употребуваат и злоупотребуваат дроги и други психоактивни супстанции.

Граѓанскиот сектор во Куманово со помош на Центарот за здравје е активен во однос на превентивната здравствена едукација на одредени социјално ранливи групи: Ромите, самохраните мајки, лицата со инвалидност и децата кои се наоѓаат под одреден социјален ризик.

Куманово преку постоечките здравствени установи, особено во терцијалната здравствена заштита, ги опфаќа граѓаните и од другите населени места и општини кои гравитираат околу Куманово: Кратово, Старо Нагоричани, Младо Нагоричани и Крива Паланка.

Во општина Куманово има подрачни единици на Фондот за здравствено осигурување и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ.

Постои одлична соработка и координираност помеѓу установите во градот во однос на помогањето на социјално ранливите групи.

## *6.4 Идентификација на ранливите групи*

Врз основа на статистичките показатели за социјалната слика во општина Куманово, најранливи социјални групи врз основа на невработеност се: од 20 до 24 години се 2 882 лица (12,47%), според пол, од кои мажи се вкупно 12 901 (55,82%). Според образование, најголем број невработени лица се НКВ, и тоа 12 130 лица (54, 48%), најголемиот дел од невработените лица, односно 30,17 % ( 6 973) за вработување чекаат 8 и повеќе години.

Во градот функционира народна кујна со вкупно 192 корисника (корисници на СПП, болни, лица со инвалидност и социјално загрозени семејства). Има голем интерес и барања за проширувањето на бројот на корисници кои би ги користеле услугите на народната кујна.

ЦСР доделува еднократна парична помош (за покривање патни трошоци) на евидентираните корисници на СП и ППП за лицата што се лекуваат во Центарот за метадонска терапија при Општата болница во Куманово.

Проблемот на бездомништво и семејно насилство е присутен во поголеми димензии, особено во одредени населени места во градот, иако не се евидентирани во евиденцијата на ЦСР во 2011 година. Поради специфичностите на градот, во однос на мултиетничкиот карактер, културолошко-традиционалните етаблирани вредности не се ни пријавуваат и не се третираат од страна на стручните тимови во ЦСР. Затоа е потребно поголемо сензибилизирање на проблемите на граѓаните, нивно навремено пријавување и изнаоѓање на одредени вонинституционални форми за нивна социјална заштита.

Во 2011 година, во ЦСР - Куманово се регистрирани: 17 жени кои се жртви на семејно насилство, 17 деца на улица и едно бездомно лице.

Невладините ромски организации кои функционираат во општина Куманово им помагаат на корисниците за полесно остварување на нивните социјални права кои се однесуваат на: помагање при вадење лична документација, правно советување и помош, пополнување на барања, обжалувања на негативни решенија и сл.

## *6.5 Приоритети за справување со социјалната исклученост во општина Куманово*

За 2012 година, Општина Куманово подготвува социјален пакет за социјално загрозените семејства за да се покријат месечните сметки за вода, ѓубретарина и сл.

Општина Куманово треба да одделува средства за поддршка на граѓанскиот сектор во спроведување проекти за социјална заштита за социјално ранливите групи во општината.

Имајќи ја предвид законската обврска дека секој родител треба да го запише своето дете во локалното основно училиште, потребни се нови и дополнителни просторни капацитети, особено во основните училишта во градот.

Куманово има потреба и од нови основни училишта поради зголемениот број деца. Во едно основно училиште, во центарот на градот, наставата ја реализираат две основни училишта каде што се запоставени основните технички формалности за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес. Евидентна и неопходна е потребата од изградба на основно училиште во централното градско подрачје.

Најголем дел од проблемите со кои се соочуваат училиштата се од инфраструктурен карактер (подземна инфраструктура, објекти, архитектонска пристапност и инфраструктура-спортски објекти).

Неопходно е решавање на имотно-правните односи во општината. Ова е значаен сегмент за одредени проекти кои се однесуваат за надградба т.е. доградба на постоечките објекти.

Потребна е поголема финансиска поддршка од страна на ресорното Министерство за образование за тековното работење на основните училишта, како и вработувања на стручни профили: дефектолози, социјални работници, психолози и педагози.

Поради зголемениот број на население во градот, бројот на децата во градот е драстично зголемен. Затоа е потребна изградба на нови детски градинки во градот, или пак доградба или надградба на веќе постоечките објекти.

Околу 40% од децата чекаат да се запишат во градинките, но поради лимитираниот број, тие не се во можност да ги згрижат поради ограничениот капацитет.

Во рамки на постоечките градинки има деца со инвалидност кои се социјално вклучени со останатите деца, со што се наметнува потребата од екипирање на детските градинки со: дефектолози, негователи и воспитувачки за кои се информирани претставниците на општината и Министерството за труд и социјална политика.

Актуелна е состојбата дека има потреба од социјално домување за социјално загрозените поединци и семејства, самохрани родители и сл.

Неопходно е дислоцирање на ЦСР бидејќи во моментот тој се наоѓа во зграда на спрат и е тешко достапен за лицата со посебни потреби, старите лица кои се корисници на услугите на ЦСР.

Центарот за социјална работа има недостиг од стручни работници кои би работеле на превентивни програми, со цел спречување и намалување на социо- патолошките појави.

Според претставникот на ЦСР, проблемот со бездомништво и семејно насилство е присутен во поголеми димензии, особено во одредени населени места во градот иако не се евидентирани во евиденцијата на ЦСР во 2011 година. Поради спецификностите на градот, во однос на мултиетничкиот карактер, културолошко-традиционалните етаблирани вредности не се ни пријавуваат и не се третираат од страна на стручните тимови во ЦСР. Поради тоа, неопходно е сензибилизирање на локалното население за семејното насилство, проблемот со бездомништвото преку кампањи, трибини и слично, со цел тие да се пријавуваат во ЦСР и адекватно да се третираат и да се применат одредени мерки и форми на социјална заштита.

Стручните работници секојдневно се соочуваат со проблеми поради недостиг на потрошен материјал кои го отежнуваат нивното тековно работење.

Потребни се едукации за мотивирање на корисниците за социјална парична помош, користење на активни мерки за вработување кои засега ги избегнуваат поради стравот од губење на правото на СПП, субвенции за покривање на сметките за струја, условни парични надоместоци за семејства кои имаат средношколци.

Во градот е потребно да се отвори:

- *Шелтер-центар за жртвите на семејно насилство. Пред 3 години бил затворен, но реално постои потреба од ваков центар бидејќи во моментов жртвите се згрижуваат во шелтер-центарот во Скопје и Свети Николе;*
- *Дневен центар и клубови за стари и возрасни лица;*
- *Центар за бездомници;*
- *Дневен центар за улични деца, т.е. деца на улица.*

Во рамките на Општата болница функционира Дневниот центар за метадонска терапија за лицата кои употребуваат и злоупотребуваат дроги и други психоактивни супстанции. Поради постојаните поплаки и барања од страна на граѓаните, потребно е дислоцирање на метадонскиот центар кој е непосредно до основно училиште и градинка.

Потребно е постоење на континуирани превентивни прегледи за населението и вклучување на поголем број педијатри во примарната здравствена заштита.

Се јавува и потреба од патронажна служба за долготрајна нега на стари и изнемоштени лица во градот, Центар за краткорочно згрижување на изнемоштени стари лица, како и палијативна служба за лица заболени од малигни заболувања.

Поради драстично зголемениот број пациенти, намалениот и рестриктивниот здравствен персонал кој е вработен во Општата болница, во секојдневното работење вработените се соочуваат со низа проблеми околу извршувањето и нудењето на квалитетна здравствена заштита на граѓаните. Самиот проблем изискува од неопходно вработување на здравствен персонал во здравствените установи.

# 7◦ Сиромаштијата и социјалната исклученост во Прилеп (пелагониски регион)

Општина Прилеп се наоѓа во северниот дел од пелагонискиот регион на Република Македонија и во нејзин состав влегуваат општините Прилеп, Тополчани и Витолиште. Општина Прилеп се простира на територија од 1 194 44 km2, има 59 населени места и по површина е најголема општина во Македонија. Административен центар на општината е градот Прилеп.

Според пописот од 2002 година, општина Прилеп брои 76 768 жители, а етничката слика на општината изгледа вака: Македонци – 70 878 (92,33%), Роми – 4 433 (5,77%), Турци - 917 (1,19%), Срби - 172 (0,22%), Бошњаци - 86 (0,11%), Албанци - 22 (0,03%), Власи - 17 (0,02%) и останати - 243 (0,32%). Од вкупниот број жители, 38 525 (50,2%) се мажи и 38 243 (49,8%) се жени.[13] Развојот на населението во општина Прилеп се карактеризира со значителни промени во однос на порастот на населението и неговите структурни белези. Имено, во меѓупописниот период 1994-2002 населението се зголемило за само 602 лица или 0,8%. Прилеп е општина со доминантна застапеност на градското население кое бележи тренд на пораст. Промените во старосната структура на населението во општината се одвиваат под влијание на големото намалување на природниот прираст и изразените внатрешни и надворешни миграциски движења. Токму миграцијата е причина за намалување на застапеноста на младите до 20 години, како и старосната група од 20 до 40 години, а значителен пораст бележи населението над 60 години.

Пелагонискиот регион во чиј состав е и општина Прилеп, со 12,5% зазема второ по големина учество во домашниот бруто-производ (ДБП) на Република Македонија. Поголем домашен бруто-производ по жител, во споредба со просекот на државата, покрај скопскиот има само уште пелагонискиот регион со индекс 109 7. Сите други региони имаат ДБП под просекот на Република Македонија.[14] Ако го земеме домашниот бруто-производ како индикатор за стандардот на живеење, можеме да заклучиме дека пелагонискиот регион на национално ниво зазема место меѓу повисоките стандарди во Македонија.

Локалниот економски развој на општина Прилеп се карактеризира со развиена прехранбена индустрија, индустрија на неметали, текстилна и металопреработувачка индустрија, електроиндустрија, како и развиена индустрија за графички дизајн, печатење и пакување. Од индустриските гранки посебно се издвојува тутунската индустрија. Таа претставува

13 Според податоците од последниот попис на населението за домаќинства и станови во 2002 година, Државен завод за статистика на Република Македонија.

14 Извор: Државен завод за статистика.

традиционална стопанска дејност во оваа општина и во неа е ангажиран голем дел од работната сила. Населението, исто така, остварува приходи и од земјоделството при што најзастапено е производството на тутун, житните и градинарските култури. Со релативно голема застапеност се издвојува и сточарството.

### *7.1 Социјална мапа на општина Прилеп и пелагонискиот регион*

Што се однесува до невработеноста, бројот на регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување во општина Прилеп изнесувал 18 910 во 2011 година, од кои 10 074 (53,3%) биле мажи и 8 836 (46,7%) жени. Бројот на невработени лица во општина Прилеп изнесува 6,72% од вкупниот број на регистрирани невработени лица во Република Македонија. Стапката на регистрирана невработеност споредена со работоспособното население на возраст од 15 до 64 години во општината изнесува 35,36%, додека споредена со работоспособното население на возраст од 20 до 64 изнесува 38,95%. [15]

Од вкупниот број невработени лица, 2 086 лица или 11,03% се регистрирани во Центарот за социјални работи во Прилеп како корисници на социјална парична помош. Оттука, произлегува дека секое деветто невработено лице е примател на социјална парична помош. Се наметнува следново прашање: На кој начин егзистираат и ги обезбедуваат своите животни потреби останатите 16 824 (88,9%) невработени лица кои живеат во општина Прилеп?

Од анализата на статистичките податоци кои се добиени од Агенцијата за вработување можеме да заклучиме дека според степенот на образование најбројни се лицата со завршено средно образование. Нивниот број изнесува 4 929 (26,06%). Меѓу регистрираните невработени лица, во општина Прилеп 20 (0,10%) се магистри, додека 3 (0,02%) се доктори на науки.

Анкетното испитување на неколку претпријатија (со повеќе од 10 вработени) направено од страна Центарот за вработување – Прилеп, во врска со барањата за посебни знаења и вештини, покажува дека покрај основното занимање за лицата со завршено средно и повисоко ниво на образование, најмногу се бара познавање на еден од странските јазици (најчесто англиски), како и познавање на информатичката технологија (работа со компјутер). Покрај солидното образование, од новите работници се бара и поголемо познавање од практична работа (поради тоа работодавачите сугерираат на повеќе часови за практична настава во образовниот процес), комуникациски вештини, а во голем број случаи и поседување на возачка дозвола. Според истото истражување кое е направено од Центарот за вработување во

15 Извор: Агенција за вработување на Република Македонија.

Прилеп, забележана е потреба од одредени високо образовни кадри, и тоа: дипломирани инженери по информатика и автоматика, дипломирани геодетски инженери, дипломирани градежни инженери, архитекти, дипломирани фармацевти, како и дипломирани професори по странски јазици и математика.[16] Поради големиот суфицит на едни профили и дефицитот на други, можеме да заклучиме дека настаната е неусогласеност на побарувачката и понудата на работна сила која, пак, резултира со висока стапка на невработеност.

***Табела бр. 7: Избрани индикатори за социјална мапа на општина Прилеп***

| *Социјални индикатори* | *% од население во Прилеп* |
|---|---|
| *Стапка на регистрирана невработеност (15-64)* | 35,36 |
| *Стапка на регистрирана невработеност (20-64)* | 38,95 |
| *Домаќинства кои се корисници на СПП* | 9,90 |
| *Регистрирани невработени лица кои се корисници на СПП* | 11,03 |
| *Население над 64 години покриено со старосна пензија* | 75,7 |
| *Деца на возраст од 5 до 14 години опфатени со основно образование* | 86,5 |

*Извор: Пресметки на авторот врз основа на достапните податоци за 2011 година на Агенцијата за вработување, Центарот за социјална работа, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и на Државниот завод за статистика.*

Анализирајќи ги податоците за регистрираните невработени лица според возраста, доаѓаме до заклучок дека најбројни се лицата од 25 до 29 години со 13,3% од вкупниот број невработени лица, по нив е возрасната категорија лица од 30 до 34 години со 11,9% и оние од 55 до 59 години со 11,23%.

Ако гоземеме времето на чекање како предмет на анализа на регистрираните невработени лица во општина Прилеп, се доаѓа до заклучок дека најголемиот број, т.е. 6 385 лица (33,76%) бараат работа и континуирано се пријавуваат во Агенцијата за вработување повеќе од 8 години. Паралелно со ова, 2 406 или 12,71% невработени лица се обидуваат да најдат работа од 5 до 7 години.

Од анализата на податоците за невработеност во општина Прилеп, според етничка припадност може да се констатира дека најголемиот дел, односно 15 841 (83,77%) од регистрираните невработени лица се Македонци, втори

16 Локален акционен план за вработување (2009-2010), Општина Прилеп, април 2009.

по невработеност се Ромите со 1 576 (8,33%), Турците со 599 (3,16%), Албанците со 438 (2,26%), Бошњаците со 119 (0,63%), Србите со 9 (0,05%), Власите со 0 и други националности – 338 (1,79%). Мора да се напомене дека споредбата меѓу вкупниот број на регистрираните невработени лица според етничка припадност и вкупниот број на населението од одредена етничка заедница покажува одредени диспаритети според пописот од 2002 година. На пример, бројот на регистрирани невработени Албанци во Центарот во Прилеп изнесува 438 лица, што е далеку повеќе од бројот на регистрирани Албанци со последниот попис, односно 22 лица.

Покрај овие анализи и статистики за невработеноста, во креирањето на социјалната слика за општина Прилеп како податок може да ни послужи и бројот на регистрирани деца кои посетуваат основно училиште. Во државните основни училишта, според Државниот завод за статистика, во општина Прилеп настава посетувале 7 020 ученици, односно 86,5% од вкупно 8 119 регистрирани деца на возраст од 5 до 14 години.[17] Оттука, се доаѓа до заклучок дека 13,5% од децата во општината не посетуваат задолжително основно образование.

Бројот на регистрирани осигуреници во подрачната единица на Фондот за здравствено осигурување во Прилеп изнесува 85 606 лица во 2011 година. Земајќи го предвид фактот дека бројот на осигуреници и осигурени лица во општината е поголем од вкупниот број на население во општината (заради бројот на лица кои се осигуреници, а се од другите општини кои спаѓаат под ингеренција на подрачната единица на Фондот во Прилел), може да се констатира дека во оваа општина, генерално, има висока покриеност на населението со здравствено осигурување.

Од Извештајот за работата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија (за 2010) доаѓаме до податок дека бројот на корисници на старосна пензија во општина Прилеп изнесува 8 044. Оваа категорија осигуреници опфаќа 53% од вкупниот број на регистрирани лица на возраст над 60 години и 75,7% од бројот на лица кои имаат над 65 години.

## *7.2 Легислативни акти за справување со сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво*

Општина Прилеп, како главна институција во борбата со сиромаштијата и социјалната исклученост, на својата територија има донесено неколку

17 Извори: Основни и средни училишта на крајот на учебната 2009/2010 година, Државен завод за статистика на Македонија, јули 2011 и процени на населението на 30.6.2010 и 31.12.2010 според полот и возраста по општини и по статистички региони, Државен завод за статистика, август 2011 година.

стратешки документи. Еден од нив е Локалниот акционен план за вработување кој е изработен во рамките на КАРДС Проектот – Политика за вработувње III, поддржан и финансиран од Европската унија, а реализиран од Европската агенција за развој (ЕАР). За изработка на овој документ е воспоставено партнерство меѓу Општината Прилеп, Агенцијата за вработување на Република Македонија – Центар за вработување (Прилеп), Регионалната развојна агенција на Пелагонија – ПРЕДА, Регионалната стопанска комора – Прилеп, Конфедерацијата на работодавачи на Македонија, прехранбената индустрија „Дониа“, невладините организации: Фондацијата за поддршка и развој, Центарот за граѓанска иницијатива, ЗХСА „Преродба“, Федерацијата на фармери на Македонија, Општинскиот синдикален сојуз во Припел и Ј.У. Меѓуопштински центар за социјална работа – Припел.[18]Секоја од вклучените страни придонела при обезбедувањето на потребните податоци, идентификувањето на состојбите на локално ниво и давањето препораки и насоки за решавање на одредени проблеми и надминување на постојните состојби, со цел да се намали невработеноста во општина Прилеп. Планот се однесува на периодот од 2009 до 2010 година и негов носител е Општина Прилеп. Поради недостапност на локалните власти од Општината, за време на спроведување на експертските интервјуа не беше можно да се добие информација дали овој акционен план во 2011 година е продолжен, обновен или е донесен сосема нов документ.

Друг стратешки документ кој е донесен од Општина Прилеп во насока на намалување на сиромаштијата и инклузијата на социјално исклучените групи е Акциониот план за вработување на Ромите. Овој план е изработен по иницијатива на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, а во изработката активно соработувале претставници на Единицата на локалната самоуправа на општина Прилеп, претставници на државни институции кои имаат директна или индиректна врска со подобрувањето на вработувањето во Република Македонија, како и претставници на здруженија на граѓани кои дејствуваат на општинско ниво и кои имаат претходно искуство во изработување акциони планови за вработување на Ромите на локално ниво.

Локалниот акционен план за вработување на Ромите во општина Прилеп се заснова на двете јавни политки за Ромите кои се спроведуваат во Македонија, и тоа: Декадата за вклучување на Ромите (2005-2015) како регионална јавна политика и Националната стратегија за Ромите како државна јавна политика.

Општата цел на овој акционен план е зголемување на вработеноста до 10% на ромската популација во општина Прилеп за периодот 2011-2012.[19]

18 Локален акционен план за вработување - Општина Прилеп, април 2009.

19 Акционен план за вработување на Ромите на општина Прилеп.

Со Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002) и процесот на децентрализација, голем број надлежности од централно ниво се префрлија на локално, односно општинско ниво. Дел од тие надлежности се однесуваат на социјалната заштита и заштитата на деца. Општините имаат обврска да обезбедуваат услови за промоција, остварување и заштита на правата на децата што произлегуваат од обврските на Република Македонија прифатени со ратификацијата на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето и други потпишани и ратификувани документи од областа на човековите права и слободи. Комисијата за општествени дејности и права на децата, која е постојана комисија во Советот на Општина Прилеп, има донесено Локален план за акција за правата на децата. Со овој Локален план за акција, кој опфаќа период од 5 години (2009-2013), се предвидува имплентација на Конвенцијата за правата на детето на локално ниво, како и давање насоки за изградба на општина по мерка на детето.[20]

### *7.3 Институционални ингеренции за справување со сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво*

Согласно со децентрализираните ингеренции на локално ниво, Општина Прилеп има надлежности за креирање и спроведување на локални активности во доменот на социјалната заштита. Бидејќи претставниците од Општината не беа достапни за време на реализирањето на експертските интервјуа во Прилеп, дел од нивните активности можат да се согледаат преку посочените легислативни акти донесени на локално ниво.

Центарот за социјална работа е дел од институциите во Прилеп што работи на намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост. Во борбата со сиромаштијата, овој Центар секоја година донесува програма на активности и работи според неа, а се одобрува од страна на Министерството за труд и социјална политика. Покрај тој стратешки документ, ЦСР – Прилеп има потпишано Протокол за постапување по семејно насилство во 2011 година, Меморандум за соработка со Центарот за граѓанска иницијатива, Меморандум за зајакнување на социјалните сервиси за стари лица, Меморандум за соработка со асоцијацијата „Ромска солза“ и Договор за соработка со Здружението за заштита на децата со посебни потреби „ФИЦЕ – Македонија“.

Центарот за социјална работа во давањето социјална финансиска поддршка опфаќа повеќе категории луѓе, и тоа: работоспособни лица кои имаат потреба од социјална помош, лица над 65 години кои се дадени на туѓа нега,

20 Локален план за акција за правата на децата во општина Прилеп (2009-2013 година), јануари 2009.

лица кои се спречени времено или трајно да извршуваат работни обврски, како и лица без родителска грижа. Центарот исплаќа цивилни инвалиднини, родителски додаток за трето дете, еднократна парична помош за прво дете, детски додаток, згрижувачки семејства, посебен додадок за деца и лица до 26 години со телесна, ментална или комбинирана попреченост (374 лица се регистрирани во 2011), субвенционирање на енергетска сиромаштија (субвенции за електрична енергија на социјално загрозени семејства) и условен паричен надоместок за деца на средношколска возраст. Прилеп е еден од водечките градови во државата за згрижувачките семејства како форма на социјална помош.

Сите активности на Центарот се извршуваат од страна на неколку одделенија кои и покрај тоа што се одделени и со посебни надлежности, сепак тие меѓусебно се надополнуваат и соработуваат.

*„Во рамките на Центарот за социјални работи – Прилеп работат одделение за непосредни материјални давачки (во моментов најголемо одделение), одделение за брак и семејство, одделение за старателство и малолетничка правда. Покрај непосредното и лично пријавување на лицата кои имаат потреба од социјална помош, откривањето на нови случаи го вршиме и со директно одење и работа на терен“ - вели Зоран Малкоски, раководител на Одделнието за социјална и детска заштита.*[21]

Случаите кои остануваат недетектирани од страна на Центарот можат да се пријават од граѓаните на бесплатната 24-часовна телефонска линија. Сепак, во нудењето на социјалните услуги и борбата против сиромаштијата, Центарот за социјални работи во Прилеп се соочува со одредени проблеми и предизвици. Директорката на Центарот и дел од вработените го издвојуваат недостигот од човечки ресурси, односно недоволната екипираност како најголем проблем во работењето:

*„На локално ниво недостасуваат ресурси за да можеме да одговориме во целост на потребите на граѓаните. Ресурси, во смисла, на кадар, повеќе пари и објекти за да можеме веднаш да реагираме, да не чекаме согласност и префрлање во Скопје. Неколку од вработените наскоро заминуваат во пензија. Потребни ни се цели тимови. И тоа не само социјални работници туку и други стручни лица како педагог, правник и сл.“ – истакнуваат од Центарот за социјална работа во Прилеп.*[22]

21 Извадок од интервјуто со Зоран Малкоски, раководител на Одделението за социјална и детска заштита, Центар за социјална работа – Прилеп, реализирано на 16.5.2012 година.

22 Извадок од интервјуто со претставници од Центарот за социјални работи – Прилеп, реализирано на 16.5.2012 година.

Филијалата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија во Прилеп е уште една институција чија целна група се сиромашните и ранливите социјални групи. Филијалата, главно, своите активности на локално ниво ги заснова на упатствата и насоките добиени од Централата на Фондот во Скопје. Во филијалата во Прилеп се извршуваат работи кои се поврзани со непосредното спроведување на пензиското и инвалидското осигурување, потоа спроведувањето на матичната евиденција, комплетирањето на барањата за остварување право на пензија, вршење увид за начинот на пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и друго. Покрај овие задачи, во филијалата се води постапка за изготвување и контрола на решенијата за правата од пензиско и инвалидско осигурување од прв степен.

Во наделжност на општина Прилеп има 16 училишта, од кои 11 се основни и 5 се средни. Во последните неколку години се забележува тренд на постојано намалување на новозапишани ученици во основното образование, а како причина за тоа се смета намалениот природен прираст на населението. Според годишниот извештај за работењето на Општина Припел, во 2011 година таа била активно вклучена во сите активности поврзани со училиштата кои се под нејзина ингеренција. Во соработка со Министерството за образование и наука и со другите донатори е инвестирано во повеќе училишта според согледаната состојба и утврдените приоритети. Како главен реализиран проект се смета проектот ИПА (финансиран од Европската унија) за промена на надворешната столарија на 7 училишта со 10 училишни објекти.[23]

Домот за стари лица „Киро Крстески – Плтаник“ од Прилеп е јавна општинска установа од областа на социјалната заштита, со основна дејност обезбедување сместување, исхрана, помош и нега, здравствена заштита, културно-забавни и работно-рекреативни активности, услуги од социјални потреби и други услуги на старите лица во зависност од нивните потреби, психофизичките способности и барањата на корисниците. Покрај овие основни дејности, Домот во текот на годината обезбедува прифаќање и времено сместување на лица кои поради разни околности се нашле надвор од местото на живеење и се без средства за живот и без постојано сместување, се до нивното враќање во сопственото семејство или до сместување во друга установа за социјална заштита. Финансирањето на Домот се врши преку наменски донации од Општината и самофинансирачки активности. Неговиот капацитетот е 147 легла, а во 2011 год. биле сместени 140 лица од 21 општина во Македонија.

Сиромашните и социјално ранливите категории граѓани од општина Прилеп добиваат помош и поддршка од неколку невладини здруженија. Едно

23 Годишен извештај на Општина Прилеп за 2011 година, февруари 2012.

од нив е здружението за помош на социјално исклучени лица и ризични групи „Скорпион“, кое е доста активно во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост. Нивните активности, меѓу другото, се состојат во организирање обуки за заштита од семејно насилство, малолетничка деликвенција, самопомош, вршат презентирање на законски прописи од областа на социјалната заштита и законот за семејство, како и нудење на советодавни услуги и правни совети за исполнување на социјалните и другите права на бесплатната телефонска линија.

### *7.4 Социјално ранливи групи во општина Прилеп*

Од интервјуата со претставници од неколку државни и невладини организации, чија основна дејност е намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво, на територијата на општина Прилеп се забележуваат неколку социјално ранливи категории граѓани. Меѓутоа, како најранлива група се издвојува ромската популација која живее во посебни населби во градот - Дризла 1 и Дризла 2. Според пописот на населението од 2002 година, во Прилеп живеат 4 433 Роми и со 5,77% од вкупниот број население, тие се втората по бројност етничка заедница во општина Прилеп. Поради недоволната образованост и неписменост кај оваа етничка заедница, голем број лица кои имаат потреба од социјална помош имаат тешкотии во прибирањето на потребната документација за поднесување барања за социјална помош во Центарот за социјална работа. Дополнителен проблем со кој се соочуваат е недостигот на парични средства за вадење државјанство и извод од матичната книга на родените. Од тие прични, Центарот за социјална работа во Прилеп активно соработува со две ромски невладини организации – „Ромска солза“ и „Рома СОС“. Со овие невладини организации се преземаат активности за обезбедување лична документација, обезбедување документација на Ромите- бегалци од Косово, обезбедување средства за хируршки операции, гинеколошки прегледи и друг тип помош со кои би се надминале или намалиле пречките и предизвиците со кои се соочува оваа ранлива група.

И од филијалата на ПИОМ во Прилеп ја акцентираат потребата од поголема инклузија на оваа етничка заедница, поголема соработка и информирање на ромското население за придобивките од запишување на децата во училиште, како и нивно вакцинирање.

Како друга ранлива категорија во општина Прилеп се сметаат корисниците на дрога и психотропни супстанции. Покрај тоа што поголемиот број зависници од дрога потекнуваат од социјално загрозени семејства, како дополнителен проблем се јавува непостоењето на дневен центар за помош на овие зависници во Прилеп, па тие се приморани да патуваат во Битола за дневно лекување.

*„Во моментов, во Прилеп нема Центар за зависници од дрога и психотропни супстанции. Ги правам сите напори да се отвори ваков центар и ќе одиме докрај, сè додека не успееме во намерата“ - истакнува Зоран Малкоски, раководител на Одделниеото за социјална и детска заштита во Центарот за социјална работа – Прилеп.*[24]

Единствената помош што ја добиваат зависниците е од Црвениот крст кој им дели чист прибор и им организира бесплатно тестирање од хепатитис.

Потребата од отворање на дневен центар за зависници од дрога во градот ја акцентираат и од невладиниот сектор. Според нив, причината поради која во Прилеп сè уште нема дневен центар за зависниците од дрога е недоволната спремност на општинските власти да одредат и да дадат локација каде би можел да се изгради центарот. Оваа пречка е резултат на противењето на поголемиот број граѓани во Прилеп.

Телесните инвалиди се ранлива категорија која во Прилеп секојдневно се соочува со проблеми од типот на недостапност до влезовите на институциите и пристап до шалтерите, како и отежнато движење низ градот. Поголемиот дел од институциите во градот прават напори да им го олеснат пристапот, но има и такви каде овие лица се оневозможени лично да остварат одредени услуги поради непостоењето услови за движење со инвалидска количка. Директорката на филијалата на ПИОМ во Прилеп истакна дека треба да им се помогне и на глувонемите лица кои комуницираат со знаковниот јазик, на тој начин што во институциите би се ангажирале (вработиле) лица кои го познаваат тој јазик и би биле задолжени за комуникација со нив. Со тоа, оваа категорија граѓани нема да биде дискриминирана и оневозможена во остварувањето на своите права и добивањето на потребните услуги во јавните институции.

Од Центарот за социјална работа, бездомните лица ги издвојуваат како посебна ранлива категорија со која работат. За жал, на локално (општинско) ниво сè уште нема центар за згрижување бездомници. Трите бездомни семејства од Прилеп се сместени во центрите во Чичино Село и с.Љубанци од Скопје.

Согласно со Законот за локална самоуправа, Прилеп би требало да има таков центар, но сè уште нема најави за негова изградба и отворање.

Како проблем со кој се соочуваат корисниците на социјална услуга во Прилеп е отежнатата достапност и отсеченост од градот во зимски услови,

24 Извадок од интервјуто со Зоран Малкоски, раководител на Одделението за социјална и детска заштита, Центар за социјална работа – Прилеп, реализирано на 16.5.2012 година.

посебно лицата од мариовскиот регион. Корисниците на социјална помош се обврзани секој месец (1-15) лично да се потпишуваат и да го потврдат својот статус дека се невработени. Меѓутоа од Центарот за социјална работа имаат разбирање и се приспособуваат на потребите на корисниците, па така во зимски и вонредни околности, телефонски комуницираат со оние корисници на социјална помош кои се оневозможени лично да ја извршат својата обврска.

### *7.5 Приоритети и индикатори поврзани со сиромаштијата и социјалната исклученост во општина Прилеп*

Сите интервјуирани страни и соговорници кои беа дел од ова истражување се согласни дека клучен приоритет во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост во Прилеп треба да биде отворањето на нови работни места и намалувањето на невработеноста. На тој начин Центарот за социјална работа би се посветил на други проблеми и приоритети, покрај давањето социјална парична помош на работоспособното население, а од друга страна, тоа би било и буџетско олеснување за државата.

Стапката на невработеност може да се намали со преземање на следните активности: реализација на локалната стратегија за вработување, едукација на невработените со цел стекнување способности од претприемачкиот бизнис (огранизирање на обуки, трибини, семинари со учество на невработените без плаќање на партиципација), реализација на нови бизнис-идеи во областите: земјоделство, туризам, транспорт итн., искористување на природните богатства и благодатта на пелагонискиот регион, стимулирање и мотивирање на образовните програми за образовните профили кои се барани на пазарот на трудот. Како што веќе напомнавме на почетокот од ова поглавје, високиот степен на невработеност во Прилеп, меѓу другото, е резултат на неусогласеноста на понудата и побарувачката на работната сила во однос на одредени профили на работници. Оттаму, неопходни се мерки за проширување на можностите за прекфалификација и доквалификација на работната сила, со кои би биле опфатени младите невработени лица и лицата кои подолго време бараат работа, а се со низок степен на образование. Исто така, заради големиот суфицит на одредени профили, важно е да се обрне внимание на усогласување на образовните програми со потребите на работната сила, како и професионално насочување на учениците и студентите.

Од невладниот сектор, покрај потребата од отворање на нови работни места ја нагласуваат и важноста од покачување на животниот стандард затоа што постојат голем број лица кои се вработени, но сепак се сиромашни и имаат егзистенцијални проблеми.

Сиромаштијата во Прилеп би можела да се ублажи и со поголема општествена одговорност на приватниот сектор. Во 2011 година неколку приватни компании донирале новогодишни пакетчиња за децата со посебни потреби и за децата сместени во згрижувачките семејства. Меѓутоа од Центарот за социјална работа сметаат дека тие донации можат да бидат уште поголеми и почести, доколку приватните компании се запознаат подоборо со активностите на Центарот.

Генаралната оцена на невладините организации од Прилеп е дека приватниот сектор е недоволно општествено одговорен. Покрај недоволниот број донации од нивна страна, сликата ја влошуваат и информациите дека лицата со инвалидитет кои се вработуваат во одредени компании повеќе се злоупотребувани отколку што се навистина заштитувани.

Во однос на социјалните ранливи групи, потребно е да се обрне поголемо внимание на Ромите и да се дејствува во насока на нивно интегрирање, како во образованието така и во бизнис-заедницата. Исто така, од голема важност е едукацијата на младите Роми во врска со заштита на сексуалното и репродуктивното здравје и планирањето на семејство.
Зависниците од дрога и психтропни супстанции би биле помалку исклучени и дискриминирани од општеството, доколку во општината се отвори дневен центар за нивно лекување.

Друга важна ранлива категорија која не треба да биде запоставена се лицата со инвалидитет. Ако се овозможи непречен пристап до битните институции во градот, тогаш телесните инвалиди би можеле лично да ги остваруваат своите права и интереси и ако се ангажираат лица кои го разбираат знаковниот јазик во јавните установи, би им се излегло во пресрет на глувите и наглувите лица.

Со спроведување на Законот за локална самоуправа, во однос на отворање центар за бездомни лица во општина Прилеп, оваа ранлива категорија ќе остане во градот од каде што потекнува и нема да има потреба да се испраќа во Скопје или во други градови, односно во нови и за нив непознати средини.
Невладиниот сектор во борбата против сиромаштијата укажува на потребата од формирање на локален социјално-економски совет во рамките на општината кој би бил посебен и одвоен од општинската Комисија за општествени дејности. Тој би располагал со ингеренции кои би му се префрлиле од страна на националниот социјално-економски совет.

Во справувањето со сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво, од суштинско значење претставува вработувањето на дополнителен кадар во Центарот за социјална работа во Прилеп. Оттаму апелираат дека за нормално функционирање на Центарот, потребен е стручен кадар не само од

социјални работници туку и од други профили како педагози, правници и сл. Екипирањето на Центарот за социјална работа би се сметал за повеќекратна придобивка. Од една страна, би се зголемил кавалитетот на социјалните услуги кои ги дава Центарот, а од друга страна, би се намалил бројот на невработени лица.

# 8◦ Сиромаштијата и социјалната исклученост во Струмица (југоисточен регион)

Општина Струмица е најголема носечка општина во југоисточниот регион на Македонија. Општина Струмица го опфаќа градот Струмица и уште 24 населени места. Во неа живеат 56 103 жители, од кои 27 985 мажи и 28 118 жени. Според Државниот завод за статистика, од вкупното население 92% се Македонци, 6,9% се Турци, 0,34% се Срби, 0,27% се Роми, по 0,005% се Албанци и Власи и 0,6% се друго население. Вкупно 24,2% од населението во општината е под 20-годишна возраст, 59,4% е работоспособно население од 20 до 60 години и 16,4% е старо население над 60-годишна возраст. Во 2009 година структурата на домашниот бруто-производ(ДБП) за југоисточниот регион изнесува 8,0, а ДБП по жител изнесува 94,6. Додека, пак, бруто-инвестициите во основни средства за 2009 изнесуваат 5,4.

Најголем дел од населението во општината, т.е. 38% има средно образование, 27% е со основно образование, 4% е со вишо, а 7% има високо образование; 19% се без целосно основно образование, а 5% од населението се без каква било школска подготовка. Според пописот во 2002 година, во југоисточниот регион на Македонија бројот на активно население изнесувал 77 056 лица, од кои 26 497 биле вработени, а 50 559 невработени. Во Струмица заедно со населените места има 14 793 вработени лица и 3 064 кои се индивидуални земјоделци, односно вкупно 17 857 лица остваруваат доход од работа.

Главни носители на вработеноста во општина Струмица се капацитетите од секторот индустрија. Од овој сектор најмногу е застапена текстилната индустрија, и тоа производството на лесна и тешка конфекција. Во постојан подем е металопреработувачката и електроиндустријата, а од дрвната индустрија постојат повеќе мали производствени капацитети за примарна и финална обработка на дрво, производство на мебел и столарија.

## *8.1 Социјална мапа на општина Струмица*

Во општина Струмица има 15 574 евидентирани невработени лица што претставува 5,5% од вкупниот број регистрирани невработени лица во земјата.

Учеството на невработените лица од градските подрачја изнесува 36,02%, наспроти поголемиот број на невработените од руралните подрачја - 64%.

Од старосната структура на невработените, младите невработени лица до 29 години учествуваат со 29% (4 552 лица), додека лицата од 30 до 60 години учествуваат со 66% (10 272 лица) од вкупниот број невработени лица.

Стапката на регистрирана невработеност во општина Струмица е 38,9%. Според степенот на образование, 62% (9 712 лица) од евидентираните невработени лица во општина Струмица се неквалификувани и полуквалификувани лица, додека пак 5% (854 лица) се лица со високо образование или со постдипломски студии. Според времето на чекање 6,7% (1 059 лица) од невработените лица во општина Струмица чекаат за вработување од 12 до 17 месеци, додека 39% (6 073 лица) чекаат повеќе од 8 години за вработување. Во 2011 година (во текот на сите дванаесет месеци), бројот на корисниците на социјална парична помош во Струмица изнесувал 14 072; постојана парична помош примале 1 700 корисници, а 162 корисника се стекнале со правото на еднократна парична помош. Право на парична помош оствариле 44 лица кои се до 18-годишна возраст и се со статус на деца без родители и родителска грижа, паричен надоместок за помош и нега од друго лице оствариле 11 168 лица, парична помош за социјално домување добиле 40 корисници, право на здравствена заштита преку ЦСР оствариле 1 689 лица, цивилна инвалидна помош добиле 147 лица, право на сместување во згрижувачко семејство оствариле 139 лица, народна кујна посетувале 833 корисници, условени парични надоместоци за средно образование оствариле 298 лица. Споредбата на регистрираните невработени и бројот на корисниците на СПП укажува дека само 6,9% од регистрираните невработени лица се покриени со социјална парична помош.

Споредувањето на вкупниот број домаќинства во Струмица со бројот на домаќинства кои се корисници на социјална парична помош укажува дека 7,3% од домаќинствата во Струмица се корисници на СПП.

***Табела бр. 8: Избрани индикатори за социјална мапа на општина Струмица***

| ***Социјални индикатори*** | ***% од население во Прилеп*** |
|---|---|
| *Стапка на регистрирана невработеност (15-64)* | 38,86 |
| *Стапка на регистрирана невработеност (20-64)* | 39,53 |
| *Домаќинства кои се корисници на СПП* | 7,37 |
| *Регистрирани невработени лица кои се корисници на СПП* | 6,88 |
| *Деца на возраст од 5 до 14 години опфатени со основно образование* | 89,27 |

*Извор: Пресметки на авторот врз основа на достапните податоци за 2011 година на Агенцијата за вработување, Центарот за социјална работа, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и на Државниот завод за статистика.*

Според податоците на ПИОМ, во општина Струмица има 16 055 осигуреници, додека 11 155 лица остваруваат пензија, од кои 6 493 старосна пензија, 1 135 инвалидска и 3 527 семејна пензија.Вкупниот број осигуреници во ФЗО изнесува 83 187 лица во Струмица за 2011 година.

Од 2002 година општината се наоѓа во стадиум на демографска старост. Но, со оглед на релативно побавниот процес на стареење на населението и специфичната старосна структура, во наредните години општината сè уште ќе се соочува со релативно голем прилив на нови генерации во работоспособниот контингент, како демографска рамка од која се регрутира работната сила.

Податоците од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување покажуваат дека во 2008 година на територија на ПЕ Струмица (општините: Струмица, Ново Село, Босилово и Василево) имало 3 259 фирми во кои биле вработени 15 904 лица. Од нив, 51,3% се вработени во малите фирми (до 25 вработени), а 46,9% во средните и големите фирми (со над 25 вработени). И покрај неспоредливоста на податоците од споменатите извори, неспорен е заклучокот дека во последните години во општина Струмица не беше забележан позначителен пораст на вработеноста.

## *8.2 Легислативни акти за справување со социјалната исклученост на локално ниво*

Во општина Струмица се донесени следниве локални политики, со цел справување со социјалната исклученост:

- *Локален акционен план за вработување 2009-2011*
- *Платформа за локален развој 2007-2015*
- *Официјална програма за социјална заштита*
- *Локална стратегија за борба против семејно насилство*

## *8.3 Институционални ингеренции за справување со социјалната исклученост на локално ниво*

Во општината се застапени повеќе видови воспитно-образовни установи: детски градинки, основни училишта, средни училишта, факултет за економија, информатика, земјоделство и храна и цвеќарство.

Основното образование во општина Струмица во 2011 година го посетија 5 711 ученици, во 23 основни училишта. Средното образование го посетија 4 029 ученици, во 3 средни училишта.

Наставата во сите основни училишта се изведува на македонски јазик, а во 3 училишта има паралелки во кои наставата се одвива на турски јазик.

Од редовното основно образование, како посебно е основното музичко образование кое го посетуваат околу 500 деца.

Во општина Струмица е отворена паралелка за деца со аутизам. Постои и училиште за основно образование на деца со лесна и умерена попреченост во психофизичкиот развој - „Св. Климент Охридски“ - Ново Село, Струмица. Општина Струмица располага со следниве институции и услуги за социјална и детска заштита: Центар за социјална работа; Народна кујна; Детска градинка ЈОУДГ „Детска радост“ со 6 работни единици (5 во градот, 1 во Ново село); ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско; Клуб за деца и младинци со интелектуална попреченост - менаџиран од РЦПЛИП – ПОРАКА; СОС линија за жртви од семејно насилство; Тераписка заедница ПОКРОВ, менаџирана од НВО Избор; Центар за ХИВ превенција помеѓу ЛГБТ популација, менаџиран од ЗГ ЕГАЛ.

Мапата на здравствени институции кои имаат потпишано договор со ФЗО во Струмица и кои им се достапни на здравствено осигурените лица од општина Струмица ја сочинуваат: 108 општи примарни ординации за здравствена заштита; 105 примарни стоматолошки ординации; 6 примарни гинеколошки ординации; 1 општа болница; 1 Центар за ментално здравје; 1 Центар за јавно здравје; 41 аптека; и 1 бања.

Општина Струмица е исклучиво активна во соработката со граѓанскиот сектор. Во општината дејствуваат над двесте регистрирани здруженија кои опфаќаат целни групи од најразлични области, меѓу кои се и следниве: Еколошко-планинарски друштва: „Планетум“, „Еделвајс“, „Ентузијаст“ и други; Општинска организација на Црвен крст; Друштво за физичко воспитување и спортска рекреација „Партизан“; Здружение на жени; Здружение на занаетчии; Здружение и дом на пензионери; Дом за глувонеми; Центар за поддршка на невладини организации; Хуманитарно здружение „Продолжен живот“ (за борба против семејното насилство).

### *8.4 Идентификација на ранливите групи во општината*

Согласно со изјавата на лице вработено во Центарот за социјална работа од Струмица, во општината најранливи категории граѓани се старите и изнемоштените лица кои се материјално необезбедени.

Од разгледувањето на локалните политики може да се увиди дека во општина Струмица бројот на сиромашните е во постојан пораст, а нивното учество во

јавниот живот на заедницата е во постојан пад. Ваквата тенденција е особено карактеристична за припадниците на помалку застапените заедници, вклучувајќи ги Ромите и Турците. Овие две помалку застапени заедници спаѓаат во групата на општествено најзагрозените, посебно во доменот на здравјето, инфраструктурата и образованието. Руралните области се помалку развиени и предничат со релативно висока стапка на неписменост и со ниско образовно ниво кај населението, а тоа е случај со турската заедница во Струмица. Жените повеќе се дискриминирани од мажите, и тоа на сите нивоа и во сите сфери од општествениот живот. Ова е особено случај со самохраните мајки и со разведените жени кои се изложени на поголем социјален ризик, а тоа влијае и на родовата димензија на сиромаштијата. Исто така, жените-жртви на семејно насилство, децата на улица и лицата со попреченост се третираат како социјално исклучени групи кои живеат во сиромаштија или се во ризик од сиромаштија. За нив треба да се преземат дополнителни активности за подобрување на нивната состојба.

Разгледувајќи ги статистиките, може да се заклучи дека скоро третина од младото население е невработено и во ризик од сиромаштија, а со тоа и во ризик од социјална исклученост.

Општината нема политики за вклучување на ризичните групи како сексуални работници, бездомници и ЛГБТ популација.

### *8.5 Приоритети за справување со социјалната исклученост во општината*

Со оглед на мошне неповолната образовна структура на невработените лица, потребно е проширување на можностите за преквалификација, доквалификација, стекнување вештини и нови знаења на работната сила, односно зајакнување на капацитетите на лицата кои активно бараат работа.

Според изјава од претставник на ЦСР од Струмица, голем дел од ранливите категории граѓани не можат да си ги остварат своите социјални права заради неинформираност. Затоа се препорачува развој на програми за информирање и зајакнување на социјално исклучените граѓани во делот на остварување на нивните права.

Во инфраструктурата за социјална заштита недостасуваат сервиси за бездомни лица, деца на улица, стари лица и жртви на семејно насилство. Овие категории граѓани се посочени од страна на ЦСР како најранливи. Локалната самоуправа е запознаена со потребите на овие категории граѓани и е во процес на отворање на шелтер-центар за жени-жртви на семејно насилство и дневен центар за деца на улица и улични деца.

Иако бројот на ранливи категории граѓани расте, сепак човечките ресурси со кои располага ЦСР останувaат исти и не може да одговори на потребите на граѓаните.

Во општината е потребно работно ангажирање на социјално исклучените групи граѓани и зајакнување на земјоделско-сточарскиот сектор кој понатаму ќе ја зголеми вработеноста во општината.

# 9 • Сиромаштијата и социјалната исклученост во Кисела Вода (скопски регион)

Општина Кисела Вода се наоѓа во скопскиот регион на Македонија. Тој е најразвиениот регион во Република Македонија и учествува со дури 47% во создавањето на ДБП на Македонија. Управувањето со територијата на општина Кисела Вода е организирано преку 14 месни заедници, од кои 9 се урбани, а 5 се рурални заедници.  Во неа живеат 58 216 жители. Од вкупното население, 91,2% Македонци, 0,86% Турци, 2,62% Срби, 1,34% Роми, 0,47% Албанци, 0,8% Бошњаци и 1,53% друго население.  Вкупно 28,6% од населението во општината е под 20-годишна возраст, 31,3% е работоспособно население од 20 до 60 години и 10,1% е старо население над 60-годишна возраст.

Бројот на економски субјекти според стопанските гранки кои дејствуваат на територијата на општина Кисела Вода се: 1 910 вклучени во производство; 908 во градежништво; 490 во хотели и ресторани; 1 492 економски субјекти вклучени во транспорт; 24 во финансии; 1 092 во недвижности; 26 вклучени во јавната администрација и 868 најважни стопански гранки во општината се хемиската индустрија, транспортот и шпедицијата, градежништвото, прехранбената индустрија и производството на безалкохолни пијалоци, трговската и услужната дејност во комуникации.

## *9.1 Социјална мапа на општина Кисела Вода*

Вкупниот број вработени лица во општината изнесува 18 582, од кои 10 344 се мажи, а 8 238 жени. Бројот на невработени лица во општината изнесува 6 486, од кои 3 308 се припадници на машкиот пол, додека 3 178 се жени. Споредбата меѓу работоспособното население над 15-годишна возраст и бројот на регистрирани невработени лица во општина Кисела Вода укажува дека стапката на регистрирана невработеност изнесува 13,73%. Општина Кисела Вода учествува со 2,30% од вкупната регистрирана невработеност во државата.

Од аспект на корисниците на социјална парична помош, може да се заклучи дека општината има мал број домаќинства кои се корисници на социјална парична помош (4,28%), споредено со други општини кои се анализирани во овој извештај. Треба да се напомене дека од вкупниот број анализирани домаќинства се земени предвид корисниците на СПП од населените места: Кисела Вода (вкупно 215 корисници); Зелениково (вкупно 46 корисници); Студеничани (753 корисници); и Сопиште (128 корисници). Опфатот на регистрираните невработени лица со социјална парична помош во

општината изнесува 15,63% што е повисок процент од останатите општини во овој извештај, но сепак недоволен од аспект на материјално обезбедување на невработените во општината.

***Табела бр. 9: Избрани индикатори за социјална мапа на општина Кисела Вода***

| ***Социјални индикатори*** | ***% од население во Прилеп*** |
|---|---|
| *Стапка на регистрирана невработеност (15-64)* | 16,23 |
| *Стапка на регистрирана невработеност (20-64)* | 17,98 |
| *Домаќинства кои се корисници на СПП* | 4,28 |
| *Регистрирани невработени лица кои се корисници на СПП* | 15,63 |
| *Покриеност на лица на 65 години со старосна пензија (за град Скопје)* | 92,95 |

*Извор: Пресметки на авторот врз основа на достапните податоци за 2011 година на Агенцијата за вработување, Центарот за социјална работа, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и на Државниот завод за статистика.*

Анализите од аспект на покриеност на општината со социјално осигурување не се возможни заради недостапност на податоците за осигурениците по поединечни општини во Скопје. Гледано генерално за градот Скопје, споредбата на податоците за проценките на населението над 65-годишна возраст од 2010 година (57 478 лица над 65 години) со бројот на корисници на старосна пензија во 2011 година – 52 429 покажува на висока покриеност со материјално осигурување на старите лица што не е карактеристично за другите општини, односно региони анализирани во овој извештај. Споредбите на бројот од вкупното население во градот (506926 [25]) со бројот на осигуреници и осигурени лица во Фондот за здравствено осигурување во Скопје, во 2011 година покажува поголема бројка на осигуреници (630 414) отколку на население. Тоа покажува дека голем број од лицата кои се осигуреници се жители на други градови/општини, но се корисници на услугите на Фондот за здравствено осигурување од Скопје.

## *9.2 Легислативни акти за справување со социјалната исклученост на локално ниво*

Во општина Кисела Вода се донесени следниве локални документи, со цел справување со социјалната исклученост:

25 Согласно со податоците од Државниот завод за статистика за проценка на населението од 2010 година.

- *Правилник за доделување еднократна парична или материјална помош;*
- *Локална стратегија за лица со посебни потреби;*
- *Локална младинска стратегија.*

*Во подготовка е стратегија за соработка со здруженија на граѓани.

Ниеден од овие документи не е достапен во електронска верзија на Интернет, ниту пак се доставени од одговорните лица во Општината.

## *9.3 Институционални ингеренции за справување со социјалната исклученост на локално ниво*

Во општината егзистираат осум основни училишта, најголемото средно училиште во државата „Васил Антевски-Дрен“ со правна и економска насока и капацитет од околу 1000 ученици. Покрај него постои и средното ветеринарно училиште „Браќа Миладиновци“ и средното теолошко училиште во населбата Драчево. Во општината функционираат две детски градинки „8 Март“ и „Весели цветови“ со вкупно 8 издвоени објекти. За воспитувањето и образованието на децата со посебни потреби од 7 до 15 години се грижи специјалното училиште „Д-р Златен Сремац“, а за потребите на децата и младинците со оштетен вид, слух и посебни потреби се грижи Заводот за рехабилитација.

Општина Кисела Вода располага со две градинки (со 8 објекти) и две училишта за деца со посебни потреби. Поголемиот дел од општината е урбанизиран со соодветни пристапи до училиштата, освен патот кој го поврзува Припор со ОУ „Круме Кепески“. Исто така има Центар за социјална работа, народна кујна, а на територијата на општина Кисела Вода егзистира и Центар за лечење на корисници на дроги.

Речиси целото население во општината е здравствено осигурано. На територијата на општина Кисела Вода функционираат еден здравствен центар, 4 амбуланти и 4 аптеки. Болница или клиника не постои во општината, што согласно со потребите на граѓаните и намерите на локалната власт би требало да биде променето.

Општина Кисела Вода активно соработува и ги поддржува активностите на здруженијата на граѓани, како што се: Организацијата на жени за родова еднаквост и рамноправност ОЖ-РЕР-РОЗА, Здружението на граѓани за деца со малигни заболувања „Пеперутка“, Здружението на граѓани за деца и младинци со посебни потреби „Ластовица“ и неколку еколошки друштва.

### *9.4 Идентификација на ранливите групи во општината*

Според изјавите на локалната самоуправа може да се заклучи дека лицата со физичка и интелектуална попреченост се најранлива категорија за која треба да се унапредат или да се отворат нови директни сервиси за заштита, но исто така се споменуваат и старите лица и корисниците на дроги.

Од разгледувањето на локалните политики може да се увиди дека во општина Кисела Вода младите се издвоени како посебна целна група со која треба да се работи за да се спречи социјално исклучување и ризик од сиромаштија.

Општината нема политики за вклучување на ризичните групи, како што се сексуалните работници, бездомниците и ЛГБТ популацијата.

### *9.5 Приоритети за справување со социјалната исклученост во општината*

Согласно со препораките на локалната самоуправа за полесно остварување на одредени социјални права или полесен пристап кон одредени социјални услуги, потребни се:

- *Едукативен информативен (сервисен) центар за лица со посебни потреби;*
- *Дневен центар за стари лица;*
- *Центар за превенција од пороци и други девијантни однесувања на младите;*
- *Обезбедување пристап до сите институции и семејни згради за сите лица со хендикеп;*
- *Обновување на звучната сигнализација за слабовидни лица и лица со оштетен вид.*

Иако приватниот сектор е вклучен и дава значајна поддршка при вработување на лица со хендикеп, а по потреба може да учествува и со друг вид помош, сепак недостасува организиран систем за општествена одговорност на бизнис-секторот.

За подобрување на социјалните услуги се потребни повеќе материјални средства и стручен кадар кои се детерминирани од националниот буџет и планирање.

Според локалната самоуправа за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, потребно е:

- *Вработување на поголем број стручни лица (подобрување на комуникацијата, помош и стручна грижа за социјално исклучените лица);*

- *Унапредување на инфраструктурата на системот за социјална заштита;*
- *Унапредување на пристапот до информации и објекти;*
- *Преквалификација и доквалификација на работоспособните граѓани;*
- *Подобрување на комуникацијата и соработка со институциите од социјалниот домен и граѓанскиот сектор.*

# 10 ◦ Регионална кохезија или регионален јаз: заклучоци и препораки

Направените студии во осумте општини во Република Македонија, кои се наоѓаат во секој од осумте статистички региони во државата, укажуваат на одредени трендови и специфики во однос на сиромаштијата и социјалната исклученост.

Социјалната мапа на општините која е креирана врз база на неколку избрани индикатори (невработеност, социјална заштита, пензиско осигурување, здравствено осигурување и опфат на основното образование) покажува на постоење на голем регионален јаз. Имено, додека стапките на регистрираната невработеност (пресметана според податоците од административни извори) во општините Струмица и Прилеп се прилично високи и изнесуваат околу 39% (на лицата од 20 до 64 години), истите вакви стапки се двојно пониски во општините Кисела Вода и Струга – 18%.

***Графикон бр 3: Стапки на регистрирана (административна) невработеност во осумте избрани општини (региони)***




*Извор: Пресметки на авторот, согласно со податоците на Државниот завод за статистика за процена на населението по возрасни групи со состојба 31 декември 2010, и податоците на Агенцијата за вработување за регистрирани невработени лица по градови во декември 2011.*

Слични трендови можат да се согледаат и во однос на бројот на домаќинства кои се корисници на социјална парична помош во државата. Стапката на покриеност на домаќинствата со СПП варира од ниска покриеност (4%) во општините Кисела Вода, Штип и Струга, средна покриеност (7%-9%) во Струмица, Велес и Прилеп, до висока покриеност (17%) во Гостивар и Куманово. Покриеноста на невработените лица со социјална парична помош е прилично ниска во целата држава, со исклучок на Гостивар, Куманово и Кисела Вода каде меѓу 15%-20% од невработените се покриени со СПП.

Ниската покриеност со социјална помош на невработените лица во државата потенцијално укажува на зголемена ригидност во пристапот кон системот за социјална заштита.

***Графикон бр. 4: Корисници на СПП, домаќинства и регистрирани невработени лица во осумте избрани општини (региони)***




*Извор: Пресметки на авторот врз основа на податоци за бројот на домаќинства по градови според пописот од 2002 на Државниот завод за статистика, податоци на Агенцијата за вработување за регистрирани невработени лица по градови во декември 2011 и податоци од центрите за социјална работа за бројот на домаќинства кои се корисници на СПП.*

Покриеноста на населението со социјално осигурување (пензиско и здравствено осигурување) во државата укажува на одредени загрижувачки трендови. Додека во одредени општини, односно региони, постои скоро универзален пристап до здравственото осигурување - Штип, Куманово, Струмица, Кисела Вода, во други се забележува помал опфат Велес (85%), Струга (76%) и Гостивар (67%). Пристапот до старосната пензија кај популацијата над 65 години исто така посочува на одредена исклученост во скоро сите општини (со исклучок на Кисела Вода) бидејќи од 61% до 75% од лицата над 65 години се јавуваат како корисници на старосна пензија. Состојбите се најдраматични во полошкиот и југозападниот регион (односно во Гостивар и Струга) каде само 31%, односно 43% од старите лица над 65 години се покриени со старосна пензија. Ваквиот тренд посочува на исклученост од системот на социјално осигурување кој се темели на придонеси. Овие состојби најверојатно произлегуваат од високата присутност на наформална, односно непријавена работа во посочените општини/региони.

***Графикон бр. 5: Покриеност со социјално осигурување во осумте избрани општини (региони)***




*Извор: Пресметки на авторот врз основа на податоци за здравствените осигуреници и осигурените лица на Фондот за здравствено осигурување - 2011 и податоци за бројот на лицата кои се корисници на старосна пензија на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување - 2010 година.*

Речиси во сите општини/региони може да се забележи дека децата од 5 до 14 години не се целосно опфатени во основното образование. Иако во одредени општини постои висок опфат од 90% до 92% (Струмица, Кисела Вода), загрижувачки се проценките со опфатот во општините Гостивар и Струга, каде 78% од децата на возраст од 5 до 14 години се вклучени во образовниот процес.

Нискиот процент може да е резултат на посетувањето на основното образование во друг град, а не таму каде што децата се регистрирани како жители. Сепак, неопходно е да се да се направат дополнителни процени колку останатите фактори како што се: миграцијата надвор од државата, привремената работа во странство, животот на улица и просјачењето и сл. имаат удел во ваквата состојба.

***Графикон бр.6: Опфат на децата од 5 до 14 години со задолжително основно образование***




*Извор: Пресметки на авторот врз основа на податоците од Државниот завод за статистика на Република Македонија за основните и средните училишта на крајот на учебната 2009/2010 година и податоците на ДЗС за процена на населението по возрасни групи со состојба 31 декември 2010.*

Забелешка: Пресметка за општина Кисела Вода не е изведена бидејќи за сите други општини пресметката е направена врз основа на процените на населението од 2010 година, додека за општина Кисела Вода процените за населението се дадени збирно со другите општини во Скопје.

Анализата на локалните стратегии, програми и планови за соочување со сиромаштијата и социјалната исклученост покажува дека ниедна од избраните општини нема изготвено локална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост. Отсуството на ваков стратешки документ на локално ниво, веројатно посочува на недостиг од доволно финансиски средства за негово креирање и имплементација. Сепак, во секоја од анализираните општини постои Годишна програма за социјална, здравствена и детска заштита што претставува рамка за идентификување и прецизирање на ранливите групи и нивните потреби. Она што, исто така, е специфика за сите општини е постоењето на локални акциони планови за вработување кои се изработуваат од страна на локалните центри за вработување. Во дел од општините (Велес, Штип, Прилеп, Струмица, Кисела Вода) се креираат локални програми за специфичните категории ранливо население, како што се: Акционен план за лицата со инвалидност, Акционен план за правата на децата, Акционен план за заштита на сексуално и репродуктивно здравје на младите, Акционен план за вработување на Ромите, Локална младинска стратегија и сл.

Анализата на институционалните капацитети во доменот на сиромаштијата и социјалната исклученост покажува дека во сите осум општини има широк дијапазон на јавни (државни) и граѓански организации кои развиваат активности и програми за социјално ранливото население. Во сите

општини, забележливо е отсуството или симболичниот удел на приватните иницијативи за поддршка на сиромашните и социјално исклучените лица. Клучни државни актери на локално ниво во социјалниот домен се: Општината, центрите за социјална работа и центрите за вработување. Анализата покажува дека во дел од нив (општините) постои недостиг од стручни кадри (пр. социјални работници) кои би работеле на идентификација на ранливите групи и соочување со локалните социјални програми. Исто така, се истакнува потребата за поголема хоризонтална и вертикална соработка/координација на институциите како на локално така и со оние на централно ниво.

Идентификацијата на ранливите групи по општини е направена согласно со анализираните статистички податоци и укажувањата на стручните лица од локалните институции кои се интервјуирани за време на истражувањето. Анализата на ранливите групи покажува голем број сличности. Имено, во најголем број општини најранливо посочено население се Ромите (Гостивар, Штип, Струга, Прилеп и Струмица), потоа старите лица (Велес, Штип, Струга, Струмица и Кисела Вода), лицата и децата со посебни потреби (Велес, Гостивар, Штип, Струга, Струмица и Кисела Вода), децата и лицата на улица/питачи/бездомници (Гостивар, Штип, Струга, Куманово и Струмица), како и самохраните родители (Велес, Гостивар, Штип и Струмица).

***Табела бр. 10/1: Идентификувани социјално ранливи категории***

| *Велес* | *Гостивар* | *Штип* | *Струга* |
|---|---|---|---|
| Лицата со низок степен на образование | Ромите | Ромите | Невработените лица од 20 до 24 години |
| Невработените лица над 50-годишна возраст | Децата со хендикеп | Жената Ромка, како самохран родител | Лицата без комплетирано основно образование |
| Долгорочно невработените | Старите лица | Јуруците | Долгорочно невработените |
| Лицата со посебни потреби | Самохраните родители | Старите лица | Старите лица кои се материјално необезбедени или неспособни за работа |
| Самохраните родители | Бездомниците | Лицата со посебни потреби | Лицата без семејна грижа |
| Старите лица | | Децата на улица | Малолетните сторители на кривични дела |
| | | Жените-жртви на семејно насилство | Децата со посебни потреби |
| | | | Лицата питачи |
| | | | Роми (Египјани) |

Освен овие доминантни ранливи категории, една општа карактеристична група за сите региони, односно општини, се невработените лица особено невработените со низок степен на образование, како и долгорочно невработените.

Специфични идентификувани ранливи групи во општините се: Јуруците (Штип), малолетните сторители на кривични дела (Струга) и корисниците на дроги (Прилеп, Кисела Вода). Како проблем во однос на ранливото население се наведува и недостигот од информации и пристап до услугите за сексуалните работници, бездомниците и ЛГБТ популацијата. Загрижувачки е зголемениот процент и зголемената појава на жените-жртви на семејно насилство во дел од општините (Штип, Куманово, Струмица).

***Табела бр. 10/2: Идентификувани социјално ранливи категории***

| ***Куманово*** | ***Прилеп*** | ***Струмица*** | ***Кисела Вода*** |
|---|---|---|---|
| Невработените без комплетирано основно образование<br><br>Долгорочно невработените лица<br><br>Уличните деца<br><br>Жртвите на семејно насилство | Ромите<br><br>Корисниците на дрога и психотропни супстанции<br><br>Телесните инвалиди<br><br>Бездомните лица | Старите и изнемоштените лица кои се материјално необезбедени<br><br>Ромите и Турците<br><br>Руралното население<br><br>Самохраните мајки<br><br>Жените-жртви на семејно насилство<br><br>Децата на улица<br><br>Лицата со попреченост<br><br>Младото невработено население<br><br>Недостигот на информации и услуги за сексуалните работници, бездомниците и ЛГБТ популацијата | Лицата со физичка и интелектуална попреченост<br><br>Старите лица<br><br>Корисниците на дроги |

Идентификувањето на ранливото население покажува одредени сличности меѓу општините/регионите, но и потреба од подетални анализи и процена за одредени специфични ранливи групи.

Врз основа на направените анализи за трендовите, политиките, институционалните ингеренции, како и ранливото население во однос на сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво во Република Македонија, може да се заклучи дека постои недостиг од социјална кохезија како на ниво на општините така и помеѓу општините/регионите во РМ. За таа цел, Извештајот за сиромаштијата и социјалната исклученост – 2011, врз основа на истакнатите приоритети во секоја од анализираните општини, предлага низа препораки кои треба да бидат соочени со локалните социјални политики во наредниот период:

## ***Препораки во однос на активностите насочени кон ранливите групи:***

Подобрување на образованието на населението во функција на дошколување на ранливите групи, како и нивна преквалификација заради намалувањето на невработеноста и подобрувањето на животниот стандард на населението;

Зголемување на покриеноста со здравствена заштита на ромското население, особено кај хронично болните;

Овозможување приоритетност и зголемување на опфатот на социјално ранливите групи во однос на користење на активните мерки и програми за вработување;

Зголемување на капацитетите за предучилишно образование заради вклучување на поголем број деца;

Поголема промоција на услугите и мерките од Законот за социјална заштита (особена за постојната парична помош) меѓу лицата со попреченост.

## ***Препораки во однос на локалните актери и нивние активности во доменот на сиромаштијата и социјалната исклученост:***

Воведување механизам за идентификација на лицата кои се изложени на социјален ризик, како и креирање база на податоци на локално ниво за социјално ранливите лица заради овозможување полесно интегрирање на различни видови помош за овие лица; во рамките на овие активности треба да се посвети внимание и на вклучување на ризичните групи како сексуалните работници, бездомниците и ЛГБТ популацијата;

Обезбедување лесна физичка пристапност до институциите на локално ниво (општините, центрите за социјална работа, центрите за вработување и сл.), особено за лицата со телесен инвалидитет;

Зголемување на стручните кадри во општините заради поголем капацитет за развивање на локални политики и програми за соочување со сиромаштијата и социјалната исклученост;

Создавање пофлексибилна (локална) законска рамка за утврдување на критериумите за користење на социјалната помош, со оглед на фактот дека постојат примери во регионот кога подносителите на барањата не ги исполнуваат критериумите, а социјалната помош им е неопходна;

Поактивно вклучување на приватниот сектор во стратегиите и плановите за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво.

# Користена литература

**Поглавје 1:**

Агенција за вработување на Република Македонија, Статистички податоци – Невработеност, Преглед на евидентирани невработени лица, со состојба од 31. 12.2011 год.
http://www.zvrm.gov.mk/WBStorage/Files/p1gradselo122011.pdf

Државен завод за статистика (2002) - Попис на населението, домаќинствата и становите во РМ, Книга XIII, Скопје: ДЗС

Министерство за труд и социјална политика (2010) - Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, Скопје: МТСП
http://www.mtsp.gov.mk/?ItemID=BD66FCC3A7FBCB47AB9150CBFECD2C96

Министерство за труд и социјална политика (2011) - Програма за остварување социјална заштита во 2011, Скопје: МТСП
http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/programa_socijalna.pdf

Министерство за труд и социјална политика (2011) - Национална стратегија за вработување на РМ – 2015, Скопје: МТСП
http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/programa_socijalna.pdf

Министерство за труд и социјална политика (2011) - Национален акционен план за вработување 2011-2013, Скопје: МТСП
http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/ap.pdf

Закон за минимална плата, „Службен весник“ бр.11/2012

**Поглавје 2:**

Агенција за вработување на Република Македонија - Преглед на невработени лица, со состојба на 31 декември 2011 година. Достапно на http://www.zvrm.gov.mk/WBStorage/Files/p1gradselo122011.pdf
(Посетено на 12 април 2012)

Агенција за вработување на Република Македонија - Преглед на невработени лица според возрасна структура, со состојба на 31 декември 2011 година. Достапно на http://www.zvrm.gov.mk/WBStorage/Files/p2vozrast122011.pdf
(Посетено на 15 април 2012)

Државен завод за статистика на Република Македонија - Домашен бруто-производ и инвестиции во основни средства по региони, 16 јуни 2011 год. Достапно на http://www.stat.gov.mk/pdf/2011/3.1.11.03.pdf
(Посетено на 10 април 2012)

Државен завод за статистика на Република Македонија - Основни и средни училишта на крајот на учебната 2009/2010 година, Скопје, 2011. Достапно на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.11.07.pdf
(Посетено на 5 мај 2012)

**Поглавје 3:**

Агенција за вработување на Република Македонија - Преглед на невработени лица, со состојба на 31 декември 2011 година. Достапно на http://www.zvrm.gov.mk/WBStorage/Files/p1gradselo122011.pdf
(Посетено на 12 април 2012)

Агенција за вработување на Република Македонија - Преглед на невработени лица според возрасна структура, со состојба на 31 декември 2011 година. Достапно на http://www.zvrm.gov.mk/WBStorage/Files/p2vozrast122011.pdf
(Посетено на 15 април 2012)

Државен завод за статистика на Република Македонија – Домашен бруто-производ и инвестиции во основни средства по региони, 16 јуни 2011. Достапно на http://www.stat.gov.mk/pdf/2011/3.1.11.03.pdf
(Посетено на 10 април 2012)

Државен завод за статистика на Република Македонија - Основни и средни училишта на крајот на учебната 2009/2010 година, Скопје, 2011. Достапно на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.11.07.pdf
(Посетено на 5 мај 2012)

Државен завод за статистика на Република Македонија - Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, Книга XIII, вкупно население, домаќинства и станови според територијалната организација на Република Македонија од 2004 година, Скопје, 2005. Достапно на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaXIII.pdf
(Посетено на 15 април 2012)

Државен завод за статистика на Република Македонија - Процена на населението на 30.6.2010 и 31.12.2010 според полот и возраста по општини и статистички региони, Скопје, 2011г. Достапно на http://www.stat.gov.mk/publikacii/2.4.11.14.pdf
(Посетено на 5 април 2012)

Фонд за здравствено осигурување на Македонија. Преглед на осигурени лица за 2011 година по подрачни служби на ФЗОМ. Достапно на http://www.fzo.org.mk/default.asp?ItemID=315497160BC0344CBA6D984151FE1C7F
(Посетено на 10 мај 2012)

Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија. Извештај за работата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за 2010 година. http://www.piom.com.mk/informacii/statistika/148.html

**Поглавје 4:**

Државен завод за статистика на РМ, (2011) - Процени на населението на 30.6.2010 и 31.12.2010 според полот и возраста, по општини и по статистички региони, достапно на http://stat.gov.mk.

Државен завод за статистика на РМ, (2009) Соопштение: Домашен бруто-производ и инвестиции во основни средства, по региони, достапно на http://stat.gov.mk.

Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“- БИМ- ФМ Скопје, (2010) Анализа на состојбите во социјалната заштита и социјалното вклучување на локално ниво.

Министерство за труд и социјална политика, (2010) Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, достапно на http://mtsp.gov.mk.

Фонд на ПИОМ, (2011) Извештај за работата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за 2010 година.

http://stip.gov.mk, пристапено на 11.4.2012 година.
http://zvrm.gov.mk, пристапено на 26.3.2012 година.
http://fzo.org.mk/default.asp?ItemID=8754C32D4C42FE4DAE4394F4D7584EB6, пристапено на 11.4.2012 година.

**Поглавје 5:**

Државен завод за статистика (2011) Процени на населението на 30.6.2010 и 30.12.2010 година, според полот и возраста, по општини и статистички региони,Скопје: Државен завод за статистика.

Државен завод за статистика (2010) Домашен бруто-производ и инвестиции воосновните средства, по региони 2009 година, број: 3.1.11.03, Скопје: Државензавод за статистика.

Агенција за вработување на Република Македонија (2012) Преглед на невработени лица според возрасна структура со состојба 31.12.2011 година,Скопје: Агенција за вработување на Република Македонија.

Агенција за вработување на Република Македонија (2011) Преглед на невработени лица според национална структура со состојба 31.12.2011 година,Скопје: Агенција за вработување на Република Македонија.

Агенција за вработување на Република Македонија (2011) Преглед на невработени лица според возраст со состојба 31.12.2011 година, Скопје: Агенцијаза вработување на Република Македонија.

Агенција за вработување на Република Македонија (2011) Преглед на невработени лица според време на чекање со состојба 31.12.2011 година, Скопје:Агенција за вработување на Република Македонија.

Агенција за вработување на Република Македонија. (2011) Преглед на невработени лица според степенот на образование со состојба 31.12.2011 година, Скопје: Агенција за вработување на Република Македонија.

Фонд за здравствено осигурување на Република Македонија. (2011) Број на здравствено осигурени лица според старосни групи за декември 2011, Скопје: Фонд за здравствено осигурување на Република Македонија.

Општина Струга (2007) Стратегија за одржлив развој 2006-2011, Програма за развој на Обединети нации- УНДП, финансирано од Владата на Финска.

**Поглавје 6:**

Државен завод за статистика (2011) Процени на населението на 30.6.2010 и 30.12.2010 година, според полот и возраста, по општини и статистички региони,Скопје: Државен завод за статистика.

Државен завод за статистика (2010) Домашен бруто-производ и инвестиции воосновните средства, по региони 2009 година, Број: 3.1.11.03, Скопје: Државен завод за статистика.

Агенција за вработување на Република Македонија (2012) Преглед на невработени лица според возрасна структура со состојба 31.12.2011 година,Скопје: Агенција за вработување на Република Македонија.

Агенција за вработување на Република Македонија (2011) Преглед на невработени лица според национална структура со состојба 31.12.2011 година,Скопје: Агенција за вработување на Република Македонија.
Агенција за вработување на Република Македонија (2011) Преглед на невработени лица според возраст со состојба 31.12.2011 година, Скопје: Агенција за вработување на Република Македонија.

Агенција за вработување на Република Македонија (2011) Преглед на невработени лица според време на чекање со состојба 31.12.2011 година, Скопје:Агенција за вработување на Република Македонија.

Агенција за вработување на Република Македонија. (2011) Преглед на невработени лица според степенот на образование со состојба 31.12.2011 година, Скопје: Агенција за вработување на Република Македонија.

Фонд за здравствено осигурување на Република Македонија. (2011) Број на здравствено осигурени лица според старосни групи за месец декември 2011, Скопје: Фонд за здравствено осигурување на Република Македонија.

**Поглавје 7:**

Државен завод за статистика на Македонија (2010) Соопштение, Домашен бруто-производ и инвестиции во основни средства, по региони, 2009, Скопје: Државен завод за статистика на Македонија.

Агенција за вработување на Република Македонија (2011) Преглед на невработени лица според степенот на образование со состојба 31.12.2011 година, Скопје: Агенција за вработување на Република Македонија.

Агенција за вработување на Република Македонија (2011) Преглед на невработени лица според возраст со состојба 31.12.2011 година, Скопје: Агенцијаза вработување на Република Македонија.

Агенција за вработување на Република Македонија (2011) Преглед на невработени лица според национална структура со состојба 31.12.2011 година,Скопје: Агенција за вработување на Република Македонија.

Агенција за вработување на Република Македонија (2011) Преглед на невработени лица според време на чекање со состојба 31.12.2011 година, Скопје:Агенција за вработување на Република Македонија.

Државен завод за статистика (2011) Процени на населението на 30.6.2010 и 30.12.2010 година, според полот и возраста, по општини и статистички региони,Скопје: Државен завод за статистика.

Државен завод за статистика (2011) Основни и средни училишта на крајот на учебната 2009/2010 година, Скопје: Државен завод за статистика на Македонија.
Општина Прилеп (2009) Локален акционен план за вработување.

Општина Прилеп (2009) Акционен план за вработување на Ромите на општина Прилеп.

Општина Прилеп  (2009) Локален план за акција за правата на децата во општина Прилеп (2009-2013 година).

Општина Прилеп (2011) Годишен извештај на Општина Прилеп за 2011 година.

**Поглавје 8:**

Државен завод за статистика (2002) Попис на населението, домаќинствата и становите во РМ, Книга XIII, Скопје: ДЗС.
http://www.stat.gov.mk/publikacii/knigaXI.pdf

Државен завод за статистика (2011) Процени на населението на 30.6.2010 и 30.12.2010 година, според полот и возраста, по општини и статистички региони,Скопје.
http://www.stat.gov.mk/publikacii/2.4.11.14.pdf

Општина Струмица, Платформа за развој на општина Струмица
http://www.strumica.gov.mk/downloads/ler/platforma_ler.pdf

Општина Струмица, Програма за социјална заштита на општина Струмица
http://www.strumica.gov.mk/downloads/ler/PROGRAMA3.pdf

Агенција за вработување на Република Македонија, Статистички податоци – невработеност, Преглед на евидентирани невработени лица, со состојба од 31. 12.2011 година.
http://www.zvrm.gov.mk/WBStorage/Files/p1gradselo122011.pdf

Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија. Извештај за работата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за 2010 година.
http://www.piom.com.mk/informacii/statistika/148.html

**Поглавје 9:**

Државен завод за статистика (2011) Процени на населението на 30.6.2010 и 30.12.2010 година, според полот и возраста, по општини и статистички региони,Скопје.
http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblasti.aspx

Скопкски плански регион, Програма за развој на скопски плански регион
http://www.rdc.mk/skopje/mk/regionot/programa.html

Агенција за вработување на Република Македонија, Статистички податоци – невработеност, Преглед на евидентирани невработени лица, со состојба од 31. 12.2011 година.
http://www.zvrm.gov.mk/WBStorage/Files/p1gradselo122011.pdf

Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија - Извештај за работата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за 2010 година.
http://www.piom.com.mk/informacii/statistika/148.html

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

364.662(497.7)”2011”(047)
316.344.233(497.7)”2011”(047)
316.614(497.7)”2011”(047)

ИЗВЕШТАЈ за сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија за 2011 година / [автори Маја Геровска-Митев ...[и др.] ; уредник Маја Геровска-Митев]. - Скопје : Македонска платформа против сиромаштијата, 2012. - 98 стр. : илустр. ; 24 см

Публикацијата е во рамките на проектот “Човекови права и социјална инклузија во Македонија”. - Фусноти кон текстот. - Податоци за авторите на поглавјата: стр. 3-4. - Библиографија: стр. 92-98

ISBN 978-608-65321-6-1
1. Геровска-Митев, Маја [автор]
а) Сиромаштија - Македонија - 2011 - Извештаи б) Социјална исклученост - Македонија - 2011 - Извештаи
COBISS.MK-ID 91963658

ISBN: 978-608-65321-6-1

Издавач
Македонска платформа против сиромаштијата (МППС)
Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ - БИМ-ФВ, Скопје